СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА
Ул. Добривое Радосављевиќ бр.21 Битола

Врз основа на член 7 и член 12 од Законот за хартии од вредност , член 45 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола и согласно точка 17 од Одлуката за методологија за утврдување на адекватност на капитал Законот за банки, Собранието на акционери на банката на ден 11.05.2016 година донесе Одлука за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност (корпоративна обврзница) по пат на јавна понуда. Врз основа на оваа одлука Стопанска банка а.д. Битола објавува:

# ПРОСПЕКТ
## за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност (корпоративна обврзница) по пат на јавна понуда

Комисијата за хартии од вредност не одговара за вистинитоста и потполноста на податоците наведени во Проспектот за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност (корпоративна обврзница) по пат на јавна понуда, ниту за способноста на издавачот на хартииите од вредност да ги исполни обврските од хартии од вредност кои ги издава.



СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА

СОДРЖИНА :


1. **ОДГОВОРНИ ЛИЦА**

1.1.Податоци за лицата кои се одговорни за информациите содржани во Проспектот

1.2.Изјава од лицата одговорни за изготвување на Проспектот

2. **ПОДАТОЦИ ЗА ОВЛАСТЕНИОТ УЧЕСНИК НА ПАЗАРОТ ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ КОЈ ГО ИЗГОТВИЛ ПРОСПЕКТОТ**

2.1.Називот и седиштето на овластената брокерска куќа го изготвила проспектот во име и за сметка на издавачот

3. **ПОДАТОЦИ ЗА РЕВИЗОРИТЕ**

3.1.Називот и седиштето на друштвата за ревизија кои вршеле ревизија на финансиските извештаи на друштвото во последните три години

3.2.Податоци за причините поради кои дошло до промена на друштвото за ревизија во текот на последните три години (друштвото не е повторно избрано, се откажало или е отповикано од страна на друштвото односно дошло до раскинување на договорот за вршење на ревизија било од едната или од другата страна) доколку тие причини би можеле да имаат материјално значење

4. **ФАКТОРИ НА РИЗИК**

4.1.Податоци за факторите на ризик специфични за издавачот и за индустриската гранка на која и припаѓа

4.2.Податоци за факторите на ризик кои се од материјално значење за обврзниците кои се предмет на понудата со цел да се процени пазарниот ризик поврзан со тие обврзници

5. **ПОДАТОЦИ ЗА ИЗДАВАЧОТ**

5.1.Податоци за историјата и развојот на издавачот

5.1.1.Полн назив, фирма и седиште на издавачот (адреса и телефонски број)

5.1.2.Датум на регистрација во трговскиот регистар и матичен број на друштвото

5.1.3.Датум на основање на друштвото и времето за кое е основано друштвото, освен кога е основано на неопределно време

5.1.4.Правна форма на друштвото и законите врз основа на кои работи

6. **ДЕЛОВЕН ПРЕГЛЕД**

6.1.Основни дејности

6.1.1.Опис на активности кои ги врши издавачот во согласност со закон, како и податоци за основните категории на производи и услуги кои се продадени за последните три финансиски години

6.1.2.Податоци за воведувањето на некој нов значаен производ или услуга односно за отпочнување со нова активност

6.1.2.1.Нови производи и услуги

6.2.Пазари на кои издавачот работи

7. **ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА**

7.1.Доколку издавачот е дел од група (посложен деловен систем), краток опис на позицијата на издавачот во таа група

7.2.Податок дали издавачот е зависен од други друштва во рамките на групата, заедно со објаснување на зависноста односно поврзаноста со друштвата во групата

**8. ТРЕНДОВИ**

Најзначајните движења во врска со работењето на издавачот кои би можеле да имаат суштинско значење на перспективите на издавачот за последната финансиска година и до денот на изготвување на проспектот

**9. ПРОГНОЗИРАЊЕ НА ПРОФИТОТ**

**10. ОРГАНИ НА ИЗДАВАЧОТ**

10.1.Име и презиме, деловна адреса и функцијата што ја вршат кај издавачот за членовите на Надзорниот Одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија, Управниот Одбор, и други органи утврдени со Статутот (кредитен Одбор и слично), како и податок за значајните активности на овие лица надвор од работењето кај издавачот, доколку тие активности се значајни за тој издавач.

10.2.Податок за природата на било каква поврзаност помеѓу лицата од точка 10.1 и

10.3.Детални податоци за лицата од точката 10.1 членовите на органите на издавачот и тоа: Надзорен Одбор, Одбор за управување со ризици, Одбор за ревизија, Управен Одбор, Кредитен Одбор и Одбор за управување и надгледување на информативна технологија согласно точки:

10.3.1.Податоци за релеватното менаџерско и експертско работно искуство на горенаведените лица

10.3.2.Имињата на друштвата во кои горенаведните лица се членови на Одборот на директори односно Управниот и Надзорниот Одбор или се содружници односно акционери во било кое време во последните пет години, наведувај'ќи дека лицето сеуште е или не е веќе член или содружник, односно акционер

10.3.3.Податок дали горенаведените лица биле членови на Одборот на директори односно Управниот и Надзорниот Одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, претстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години

10.3.4.Податок дали на некое од горенаведените лица му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кео делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога трае забраната)

10.3.5.Податок дали горенаведените лица имаат сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачката структура на издавачот, со податок за износот на тоа учество

10.4.Судир на интереси помеѓу членовите на органите на издавачот



СТОПАНСКА БАНКА БИТОЛА 4

10.4.1.Податок за потенцијален судир на интереси помеѓу одговорностите кои лицата членови на органите на издавачот ги имаат кај издавачот и вните приватни интереси или други одговорности. Во случај доколку не постои судир на интереси да се даде изјава дека не постои

**10. ВРАБОТЕНИ**

11.1. Број на вработени и квалификациона структура на крајот од секоја година во последните три години и променета состојба до денот на изготвување на проспектот и податок за географска распореденост на вработените

**12. ГОЛЕМИ АКЦИОНЕРИ**

12.1.Согласно сознанијата на издавачот, податоци за лицата (освен за оние кои се членови на Одборот на директори, освен Управниот и Надзорниот Одбор на издавачот) кои заедно со поврзаните лица, дирекно или индирекно поседуваат повеќе од 5% од било кој род или класа на акции издадени од издавачот, заедно со висината на тоа учество (апсолутна вредност и релативна вредност во однос на основната главнина на издавачот и во однос на гласачката структура на издавачот). Ако нема такви лица или ако нема сознанија за такви лица да се даде соодветна негативна изјава

12.2.Опис на било какви договори или други акти познати за издавачот, чија реализација на определен датум може да доведе до промена на контролата кај издавачот

**13. ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ**

13.1.Финансиски извештаи

13.2.Ревизија на годишните финансиски извештаи

13.2.1.Посочување дека финасискитe извештаи се ревидирани и наведување на извештајот на ревизорот за финансиските извештаи на издавачот за последните три години

13.2.2.Посочување на други информации во проспектот кои биле ревидирани од независен ревизор

13.2.3.Секаде во проспектот каде што се прикажуваат финансиски податоци кои не се земени од ревидираните финансиски извештаи на издавачот, задолжително се посочува изворот од каде се користени тие податоци и се посочува дека иститие не се ревидирани

13.3. Периодични и други финансиски информации

13.3.1.Доколку издавачот објавил квартални или полугодишни финансиски извештаи од датумот на неговите последни ревидирани финансиски извештаи, иститие треба да бидат вклучени во проспектот. Ако кварталните или полугодишнте финансиски информации /извештаи биле проверени или ревидирани од овластен ревизор, извештајот на ревизорот задолжително се прикажува во проспектот. Ако кварталните или полугодишните финансиски информации/извештаи не биле проверени или ревидирани од овластен ревизор во проспектот задолжително се наведува тој факт



БИТОЛА 4

13.3.2.Доколку проспектот е од датум по завршување на девет месеци од датумот на последните годишни финансиски извештаи кои биле ревидирани, задолжително содржи периодични финансиски извештаи, кои може да видат неревидирани (при што задолжително се наведува дека истите не се ревидирани), а кои се однесуваат најмалу на периодот од првото полугодие на финансиската година
13.3.3.Периодичните финансиски извештаи треба да ги вклучат и споредбените извештаи за истиот период од предходната финансиска година, освен за билансот на состојба кај кои за споредба може да се земе и состојбата од крајот на последната финансиска година.
13.4.Дивидендна политика
13.4.1.Опис на политиката на издавачот за распределба на дивиденда и на какви било ограничувања во поглед на истата
13.4.2.Износ на исплатената дивиденда по акција за последните три финансиски години, соодветно прилагодена во случај на промени на бројот на акции
те на издавачот, заради споредливост на податоците
13.5 .Правни постапки
Информации за какви било правни постапки (административни, судски и други законски постапки), вклучувајќи ги и потенцијалните постапки или постапките кои се во тек за кои издавачот е запознаен, за период од 12 месеци кои може да имаат или имале во неодамнешното минато значајно вилијание на финансиската положба или на профитабилноста на издавачот односно на групацијата на издавачот (нивната вредност изнесува најмалку 5% од вредноста на капиталот на друштвото). Доколку таквите постапки не постојат, потребно е да се посочи дека не постојат.
13.6.Значајни промени во финансиската или трговската положба на издавачот
Опис на каква било значајна промена на финансиската положба на групацијата на издавачот која се случила во периодот по завршување на последната финансиска година за која се објавени ревидирни финансиски извештаи или по завршување на последното полугодие за кое се објавени периодични финансиски информации. Доколку такви промени не се случиле потребно е да се посочи дека не случиле

## 14. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

14.1.Податоци за капиталот на издавачот
14.1.1.Износ на основната главнина и број, род и класа на хартии од вредност од кои се состои основната главнина со состојба на ден на последниот биланс на состојба вклучен во проспектот и состојба по промени во основната главнина што настанале по изготвување на последниот биланс на состојба до денот на изготвување на проспектот
14.1.2.Износ на издадените конвертибилни хартии од вредност и хартии од вредност со варанти, со опис на условите и процедурите на конверзија или запишување



БИТОЛА

14.1.3.Податоци за тоа дали органот на управување е овластен со Статутот на издавачот да ја зголеми основната главнина (одобрен капитал) и податок за износот на одобрениот капитал и за периодот за кој важи одредбата на Статутот за одобрен капитал

14.2.Реалативни показатели за работењето на издавачот на денот на последните финансиски извештаи презентирани во проспектот и последниот квартал до денот на изготвување на проспектот

14.2.1.Адекватност на капиталот согласно методологијата пропишана од Народна банка на Република Македонија

14.2.2.Учество на сопствени средства во пасивата

14.2.3.Учество на депозити од населени во пасивата

14.2.4.Однос на краткорочни пласмани и краткорочни извори

14.2.5.Агрегатна отворена девизна позиција

14.2.6.Голема кредитна изложеност во однос на сопствените средства

14.2.7.Капитални вложувања во нефинансиски институции

14.2.8.Капитални вложувања во банки, штедилници и други финансиски институции

14.2.9.Учество на основните средства во вкупните сопствени средства на банката

14.2.10.Учество на кредитна изложеност во ризични категории В, Г и Д во вкупна кредитна изложеност

14.3.Вкупен платен промет спрема странство за предходната година и за тековната година

14.4.Движење на ликвидноста: покриеност на обврските на банката со високо ликвидна актива (парични средства и хартии од вредност издадени од НБРМ и од Република Македонија)

14.5.Статут на издавачот и основачки акти

14.5.1.Предмет на работење на издавачот согласно Статутот

14.5.2.Опис на правата, предностите и ограничувањата кои произлегуваат од секоја класа на акции издадени од издавачот

14.5.3.Опис на дејствието кое треба да биде преземено на промена на некое од правата на сопствениците на акции, при што ќе биде посочено дали условите за таквото дејствие се построги во однос на законот или не

14.5.4.Опис на условите за свикување на годишно собрание и вонредно собрание на акционери, вклучувајќи и податоци за начинот на кој акционерите го пријавуваат своето учество

14.5.5.Опис на условите утврдени со Статутот или друг акт на издавачот со кои се регулира промената на основната главнина, кога тие услови се построги од оние пропишани со закон

**15. ДОГОВОРИ ОД СУШТИНСКО ЗНАЧЕЊЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ИЗДАВАЧОТ**



СТОПАНСКА БАНКА БИТОЛА

Податоци за секој договор (надвор од секојдневното работење на издавачот) кој е од суштинско значење за работењето на издавачот, а во кој како договорна страна се јавува издавачот или друг член на групата (ако издавачот е дел од групата), за последните две години кои му предходат за изготвување на проспектот

## 16. ИНФОРМАЦИИ ДОБИЕНИ ОД ТРЕТИ ЛИЦА И ИЗВЕШТАИ ОД ЕКСПЕРТИ И ИЗЈАВА ЗА БИЛО КАКОВ ИНТЕРЕС

16.1.Кога во проспектот е вклучен извештај од трето лице-експерт, да се наведат податоци за тоа лице и тоа: име и презиме, деловна адреса, квалификации и податок дали лицето има материјален интерес кај издавачот. Податок во кој контекс и во која форма се употребува извештајот на тоа лице и соголасност на лицето кое ја потврдило содржината од тој дел од проспектот.

16.2.Кога изворот на определена информација е некое трето лице, потребно е да се обезбеди потврда дека таа информација е точна и прецизно репродуцирана и дека согласно можностите и сознанијата на издавачот не е прикриен ниту еден факт кој не би ги направил репродуцираните информации нецелосни и неточни. Да се наведе изворот на информациите

## 17. ПОДАТОЦИ ЗА ПОНУДАТА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

17.1.Причини за понудата и намена на средства што ќе се приберат со понудата

17.2.Општи податоци за хартии од вредност

17.2.1.Бројот и датумот на актот за издавање на должнички хартии од вредност

17.2.2.Податоци за согласностите и одобренијата врз основа на кои хартиите од вредност ќе бидат продадени

17.2.3.Бројот на хартии од вредност што се издаваат и номиналната вредност на хартиите од вредност (поединечна и вкупна номинална вредност на емисијата)

17.2.4.Закони врз основа на кои се продаваат хартиите од вредност

17.2.5.Назив и адреса на субјектот каде што се регистрираат хартиите од вредност

17.2.6.Времето и начинот на предавањето на хартиите од вредност за регистрирање на кај овластен депозитар

17.2.7.Податоци за оданочувањето на приходите од хартии од вредност

17.3.Податоци за долгорочни должнички хартии од вредност

17.3.1. Опис на видот и класата на хартии од вредност кои се издаваат, вклучувајќи и ИСИН број за хартијата од вредност, доколку таков постои;

17.3.2.Серија на хартиите од вредност;

17.3.3.Валута на која гласат хартиите од вредност (доколку хартиите од вредност се деноминирани во странска валута - се наведува курсот по кој ќе се пресметува денарската противвредност);

17.3.4.Рангирање на хартијата од вредност што е предмет на јавната понуда, вклучувајќи и податоци за клаузулите кои имаат влијание на рангирањето или ги субординираат хартиите од вредност на одредени сегашни или идни обврски на издавачот;



ЕКА БАНКА БИТОЛА 4

17.3.5.Опис на правата кои произлегуваат од хартиите од вредност, било какви ограничувања на правата и начинот на кој се остваруваат тие права;
17.3.6.Висина на каматната стапка, начин на пресметување и исплата на истата;
- Датуми за исплата на камата (датум на почеток и датум на завршување на периодот во кој ќе се исплаќа каматата)
- Краен рок до кога може да се наплатат каматите и главницата
17.3.7.Рок на доспевање и амортизационен план на должничката хартија од вредност, вклучувајќи ја и постапката за отплата;
17.3.8.Висина на основната главнина на издавачот и процентот на учество на емисијата на должнички хартии од вредност во основната главнина и во главнината;
17.3.9.Извори на средства од каде што ќе бидат отплаќани должничките хартии од вредност;
17.3.10.Ограничувања кои ги носат хартиите од вредност, а кои служат за заштита на идните купувачи на хартии од вредност.
17.3.11.Опис на ограничувањата на трансферабилноста на хартиите од вредност, доколку има ограничувања.
17.3.12.Доколку се издаваат конвертибилни должнички хартии од вредност, потребно е да се дадат податоци за типот на хартиите од вредност во кои се конвертираат, како и условите и процедурите за конверзијата.

**18. РОКОВИ И УСЛОВИ НА ПОНУДАТА**

18.1.Цена на хартиите од вредност
18.1.1.Цената по која хартиите од вредност ќе бидат понудени, како и начинот на утврдување на цената согласно правилата на овластената берза, преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност, со која издавачот за тоа склучил договор
18.1.2.Податок за трошоците односно провизиите кои паѓаат на товар на запишувачот односно купувачот
18.2.Услови, рокови и потребни дејствија за запишување и уплата на хартии од вредност предмет на понудата утврдени согласно правилата на овластена берза, преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност, со која издавачот за тоа склучил договор и правилата на овластен депозитар каде се регистрирани хартии од вредност на издавачот
18.2.1.Вкупна вредност на понудата
18.2.2.Временски период во кој понудата ќе биде отворена (датум на започнување на рокот за запишување (ден,месец, година); датум на завршување на рокот за запишување (ден,месец, година), датум на започнување на рокот за уплата (ден,месец, година), датум на завршување на рокот за уплата (ден,месец, година) и опис на постапката на запишување и уплата на хартии од вредност
18.2.3.Процентот на успешност односно процентот на запишување и уплата на хартии од вредност за да јавната понуда се смета за успешна



БИТОЛА 4

18.2.4 .Услови за затворање на јавната понуда
18.2.5.Опис на условите под кои јавната понуда може да се прогласи за неуспешна и начинот на кој ќе им бидат вратени средствата на инвеститорите
18.2.6.Постапка за распределба на хартиите од вредност во случај да бидат запишани и/или уплатени повеќе хартии од вредност од понудените
18.2.7.Доколку во актот за издавање на хартии од вредност е предвидено хартиите од вредност да се продаваат во лотови се наведуваат податоците за најмалиот и /или најголемиот износ кој може да се запише и уплати
18.2.8.Начин на плаќање на хартиите од вредност
18.2.9.Начин и време на настанување на правата од хартиите од вредност
18.2.10.Начин и време на известување за исходот на јавната понуда
18.2.11.Доколку, согласно одлуката за издавање на обврзниците понудата е поделена во транши односно е сегментирана на делови резервирани за одделни групи на инвеститори , проспектот ги содржи следниве податоци
18.2.11.1.Поделба на понудата на делови кои опфаќаат определен број на хартии од вредност вклучувајќи делови наменети за институционални инвеститори, делови наменети за мали инвеститори и други делови на кои е поделена понудата
18.2.11.2.Начинот на распределба во рамките на деловите од понудата во случај доколку има повеќе запишани или платени хартии од вредност
18.2.11.3.Временски редослед на реализирање и времетраење на траншите односно деловите резервирани за одделни групи на инвестиоти во рамките на рокот за реализација на јавната понуда
18.2.12.Во рамките на сознанијата на издавачот дали доминантните акционери кај издавачот или членовите на Управниот и Надзорниот Одбор односно Одборот на директори или на другите органи на издавачот имаат намера да запишат од понудените хартии од вредност или некое друго лице има намера да запише повеќе од 5% од јавната понуда
18.2.13.Процес на известување на лицата кои запишале и уплатиле хартии од вредност за износот кој им следува
18.3.Пласман на хартиите од вредност
18.3.1.Податоци (назив, седиште, адреса и телефонски број) за овластената берза, преку која ќе се врши запишувањето на јавно понуденти хартии од вредност со која издавачот за тоа склучил договор и за овластените преавни лица-членки на овластената берза и овластениот депозитар и времето во кое заинтересираните лица ќе може да купат хартии од вредност
18.3.2.Податок дали издавачот склучил договор со овластеното правно лице за вршење услуги со хартии од вредност за вршење трансакции и активности за сметка на издавачот потребни за успешна јавна понуда на хартии од вредност со задолжителен откуп на непродадените хариии од вредност или без задолжителен откуп на непродадените хариии од вредност. Доколку обврската


БИТОЛА

за задолжителен откуп не се однесува на целата емисија да се даде изјава за делот од емисијата кој не е покриен

**19. ПРИЕМ НА КОТАЦИЈА**

Податокот за тоа дали и кога издавачот ќе побара прием на котација на хартиите од вредност на овластената берза

**20. ПОДАТОЦИ ЗА ГАРАНТОТ**

**21. ДОКУМЕНТИ ЗА РАСПОЛАГАЊЕ**

21.1.Изјава за достапност на документите

21.2.Податок за местото каде може да се изврши увид документите

Прилог 1 Ревидирани финансиски извештаи со мислење на независен ревизор за 2015
Прилог 2 Ревидирани финансиски извештаи со мислење на независен ревизор за 2014
Прилог 3 Ревидирани финансиски извештаи со мислење на независен ревизор за 2013
Прилог 4 Неревидирани финансиски извештаи од 01.01.2016 до 31.03.2016 година
Прилог 5 Деловна политика, развоен и финансиски план за период 2016-2020 година
Прилог 6 Деловна политика и финансиски план за 2016
Прилог 7 Статут на Стопанска банка а.д. Битола
Прилог 8-Основни финансиски карактеристики на корпоративната обврзница



СТОПАНСКА БАНКА БИТОЛА 4

# П Р О С П Е К Т

## 1. ОДГОВОРНИ ЛИЦА

1.1. Податоци за лицата кои се одговорни за информациите содржани во Проспектот

- **Членови на Управен Одбор на Стопанска Банка а.д. Битола**
  1. Владимир Ефтимоски - Претседател на Управен Одбор
  2. Гордана Балтовска - Член на Управен Одбор
  3. Наташа Несторовска - Член на Управен Одбор
- **Членови на Надзорен Одбор на Стопанска Банка а.д. Битола**
  1. Ненад Јосифовиќ - Претседател на Надзорен Одбор
  2. Панче Нефтенов - заменик претседател- независен член на Надзорен Одбор
  3. Дејан Панделески - член на Надзорен Одбор
  4. Иванчо Велјановски - член на Надзорен Одбор
  5. Кирил Митровски - член на Надзорен Одбор
  6. Александра Радевска - член на Надзорен Одбор
  7. Коста Костадиновски - Независен член на Надзорен Одбор
- **Одговорно лице назначено од издавачот за содржината на Проспектот**
  1. Гордана Балтовска - Член на Управен Одбор

**1.2. Изјава од лицата одговорни за изготвување на Проспектот**

"Според нашите уверувања и сознанија и согласно со податоците со кои располагаме, под морална, материјална и кривична одговорност изјавуваме дека во Проспектот се содржани сите податоци кои му се потребни на инвеститорот да донесе правилна одлука за инвестирање во хартиите од вредност кои се предмет на оваа понуда, дека објавените податоци се вистинити и се во согласност со фактичката состојба на друштвото и дека не се испуштени било какви податоци кои би можеле да имаат влијание на одлуката за инвестирање или неинвестирање во хартиите од вредност кои се предмет на понудата".

- **Членови на Управен Одбор на Стопанска Банка а.д. Битола**
  1. Владимир Ефтимоски - Претседател на Управен Одбор ______
  2. Гордана Балтовска - Член на Управен Одбор ______
  3. Наташа Несторовска - Член на Управен Одбор ______
- **Членови на Надзорен Одбор на Стопанска Банка а.д,Битола**
  1. Ненад Јосифовиќ - Претседател на Надзорен Одбор ______
  2. Панче Нефтенов - заменик претседател- независен член на Надзорен Одбор ______
  3. Дејан Панделески - член на Надзорен Одбор ______
  4. Иванчо Велјановски - член на Надзорен Одбор ______
  5. Кирил Митровски - член на Надзорен Одбор ______
  6. Александра Радевска - член на Надзорен Одбор ______
  7. Коста Костадиновски - Независен член на Надзорен Одбор ______



СТОПАНСКА БАНКА БИТОЛА 4

- **Одговорно лице назначено од издавачот за содржината на Проспектот**
  1. Гордана Балтовска - Член на Управен Одбор

**2. ПОДАТОЦИ ЗА ОВЛАСТЕНИОТ УЧЕСНИК НА ПАЗАРОТ ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ КОЈ ГО ИЗГОТВИЛ ПРОСПЕКТОТ**

2.1. Називот и седиштето на овластената брокерска куќа која го изготвила проспектот во име и за сметка на издавачот.

- Овој проспект не е изготвен од страна на овластената брокерска куќа.
  СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА не е овластен учесник на пазарот за хартии од вредност и овој Проспект го изготвува самостојно во својство на издавач.
  Седиште на издавачот:
  СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА, Ул. Добривое Радосављевиќ бр.21 Битола (во понатамошниот текст Банката или издавачот).

**3. ПОДАТОЦИ ЗА РЕВИЗОРИТЕ**

3.1. Називот и седиштето на друштвата за ревизија кои вршеле ревизија на финансиските извештаи на друштвото во последните три години;
Во 2015 - Грант Торнтон ДОО, бул. М.Х. Јасмин, број 52 в-1/7, 1000 Скопје
Во 2014 - Грант Торнтон ДОО, бул. М.Х. Јасмин, број 52 в-1/7, 1000 Скопје
Во 2013 - Грант Торнтон ДОО, бул. М.Х. Јасмин, број 52 в-1/7, 1000 Скопје

3.2. Податоци за причините поради кои дошло до промена на друштвото за ревизија во текот на последните три години (друштвото не е повторно избрано, се откажало или е отповикано од страна на друштвото односно дошло до раскинување на договорот за вршење на ревизија било од едната или од другата страна ) доколку тие причини би можеле да имаат материјално значење.

- Согласно законската регулатива член 105 став 5 од Законот за банки, исто друштво за ревизија може да изврши најмногу 5 последователни ревизии на годишните финансиски извештаи на една банка.
  Поради тоа друштвото Грант Тортон ДОО има вршено ревизија во 2013, 2014 и 2015.

**4. ФАКТОРИ НА РИЗИК**

4.1. Податоци за факторите на ризик специфични за издавачот и за индустриската гранка на која и припаѓа.

- Банката има воспоставено интегриран систем за управување со сите материјални и нематеријални ризици на која е изложена банката соодветени на природата, големината и сложеноста на финансиските активности кои ги извршува.
  Банката во своето работење е изложена на следните ризици:
  - Кредитен ризик
  - Ликвидносен ризик
  - Валутен ризик
  - Оперативен ризик
  - Репутациски ризик
  - Ризик од промена на каматни стапки во портфолиото на банкарски активности



СТОПАНСКА БАНКА БИТОЛА 4

**Управување со ризици**

Во текот на 2015 година, процесите на управување со ризици во Банката се одвиваа во согласност со законски пропишаните супервизорски стандарди, Стратегијата за управување со ризици, Деловната политика, развојниот и финансискиот план, како и останатите интерните акти. Притоа, фокусот беше ставен на управување со кредитниот ризик како еден од најголемите ризици на кои е изложена Банката, но соодветно се следеа и контролираа и останатите видови ризици. Активната вклученост на органите на управување беше неизоставен дел од активностите за идентификација, следење и контрола на ризиците на кои беше изложена Банката во 2015 година. Исто така, Банката вршеше стрес-тестирања за оценка на потенцијалното влијание кое одделни надворешни или внатрешни фактори би го имале врз одделни видови ризици.

4.2. Податоци за факторите на ризик кои се од материјално значење за обврзниците кои се предмет на понудата со цел да се процени пазарниот ризик поврзан со тие обврзници се:

- **Кредитен ризик**

Кредитен ризик е ризик од финансиска загуба на Банката доколку клиент или договорна странка од финансиски инструмент не успее да ги исполни своите договорни обврски, и воглавно произлегува од дадените кредити и побарувањата на клиенти и други банки, издадени гаранции и акредитиви и вложувања во хартии од вредност. Со цел управување со овој ризик Банката ги зема во предвид и ги разгледува збирно сите елементи од изложеноста на кредитниот ризик (како индивидуалниот ризик на неисполнување на обврските на должникот и со него поврзаните лица, ризик на земја и ризик на одделен сектор).

Со цел подобро управување со кредитниот ризик во текот на 2015 година беа преземани низа мерки и активности за унапредување и подобрување на работењето на Службата за управување со кредитен ризик меѓу кои би ги издвоиле следните:

- извршени се измени на Процедурата за поврзани субјекти во насока на усогласување со измените на Одлуката за поврзани субјекти од НБРМ;
- извршени се измени на Процедурата за кредитен ризик во насока на усогласување со Одлуката за управување со кредитен ризик;
- извршени се измени на Корисничкото упатство за внес на поврзани лица во информативниот систем на Банката Верпекс;
- извршени се измени на Корисничкото упатство за внес на отстапки во информативниот систем на Банката Верпекс;
- извршени се измени на Корисничкото упатство за внес на рефинансирани кредити во информативниот систем на Банката Верпекс;
- изготвено е Корисничко упатство за изготвување на консолидирани финансиски извештаи на групации на поврзани субјекти;
- извршени се измени на кредитната анализа и мониторингот на клиентите со следење на бонитетот клиентите преку финансики извештаи од тековен и ист период од мината година, со што се утврдува реален приказ на работењето на клиентите преку елиминирање на сезонскиот карактер на бизнисот;
- извршени се измени на Процедурата за максимална кредитна изложеност кон



СТОПАНСКА БАНКА БИТОЛА 4

поединечен клиент;

- дадени се предлози до Службата за работа со физички лица за измена и дополнување на Процедурите за кредитирање на физички лица во насока на утврдување на степенот на кредитна способност.

Покрај ex-ante активностите за управување со кредитен ризик кои се спроведуваат заради минимизирање на овој тип на ризик во моментот на одобрување на кредитните изложености, Банката соодветно внимание посветуваше и на ex-post управувањето со кредитен ризик. Во тој контекст би ги издвоиле активностите кои се преземаа во рамки на Службата за мониторниг, наплата, нефункционални кредити и преземени средства чија основна цел беше контрола и следење на кредитното портфолио на клиентите, со предлог мерки за наплата на побарувањата по реализирани кредити заради минимизирање на процентот на кредитно портфолио во доцнење односно унапредување на системот за рано предупредување (ЕЊС).

Добар показател за успешноста во управувањето со кредитниот ризик, претставува структурата на изложеноста на кредитен ризик по категории на ризик. Вкупната изложеност на кредитен ризик со состојба на 31.12.2015 година изнесуваше 9.566,39 милиони денари што претставува раст од 8,23% во однос на 31.12.2014 година. Значително учество од 31,43% во вкупната изложеност на кредитен ризик на крајот на 2015 година имаа парично покриените изложености, односно изложеностите за кои не е определена исправка на вредност. Што се однесува до изложеностите за кои е определена исправка на вредност, учеството на изложености класифицирани во А категорија на ризик е зголемено од 50,67% во 2014 на 52,12% во 2015 година, додека изложеностите во Д категорија на ризик се намалени од 11,37% во 2014 на 10,07% во 2015 година.

Квалитативни и квантитативни информации за кредитниот ризик се прикажани во белешките кои се составен дел на ревидираните финансиски извештаи на Банката (во точка 2.1 за 2015, во точка 2.1 за 2014 и во точка 2.1 во 2013 година).

Ревидираните финансиски извештаи на Банката за 2015; 2014; и 2013 се дадени во прилог 1 прилог 2 и прилог 3 во овој Проспект.

**Ликвидносен ризик**

Ризикот на ликвидност е ризик дека Банката ќе западне во потешкотии во исполнување на своите финансиски обврски. Процесот на управување со ликвидносниот ризик во 2015 година Банката го извршуваше во согласност со законската регулатива, актите на НБРМ како и интерно пропишаните политики и процедури. Во таа насока, Банката на дневна основа ги следеше и управуваше со паричните приливи и одливи истовремено водејќи сметка за рочната структура на средствата и изворите. Банката редовно ги следеше и ликвидносните показатели притоа одржувајќи ги истите во рамки на интерните и законски пропишаните лимити. Во текот на 2015 година стапките на ликвидност до 30 и 180 дена, нивото на концентрација и учеството на 20-те најголеми депоненти во просечната депозитна база се одржуваа во рамки на законските и интерно поставените лимити, а воедно се управуваше со депозитниот потенцијал во насока на обезбедување на стабилно депозитно јадро. Исто така, Банката во целост ја почитуваше законската обврска за одржување на задолжителна резерва истовремено водејќи сметка за пласирање на вишокот на средства во каматоносни позиции



БИТОЛА
4

во НБРМ што позитивно се одрази врз профитабилноста на Банката. Процентот на просечно остварување на задолжителната резерва во текот на 2015 година се движеше во интервалот од 100,44% до 100,84%.

Квалитативни и квантитативни информации за ризик на ликвидост се прикажани во белешките кои се составен дел на ревидираните финансиски извештаи на банката (во точка 2.2 за 2015, во точка 2.2 за 2014 и 2.2 во 2013 година).

**Валутен ризик**

Банката се изложува на валутен ризик преку трансакциите во странска валута. Валутен ризик претставува тековен или иден ризик по добивката и капиталот на банката кој произлегува од неповолни движења на девизните курсеви. Валутниот ризик може да се подели на: 1) Трансакциски ризик кој се однесува на влијанието на негативните движења на девизните курсеви кај конкретни девизни трансакции (изложеност при тргување на девизи); 2) Ризик од конверзија (претворање) кој се однесува на променливоста на сметководствените вредности што произлегува од варијациите во девизните курсеви кои се користат при претворање на сметководствените вредности номинирани во странски валути во домашна валута; и 3) Економски девизен ризик кој се однесува на промените на конкурентската сила на Банката или на нејзините субјекти на странските пазари како резултат на големи промени на девизните курсеви. Во услови на стабилен курс на денарот, а со цел сведување и одржување на валутниот ризик на прифатливо ниво, во текот на 2015 година Банката делуваше во согласност со регулативата на НБРМ и интерните политики и процедури за управување со валутен ризик. Во периодот 01.01-31.12.2015 година, Банката на дневна основа ги следеше и ја известуваше НБРМ за промените во активните и пасивните позиции во денари со валутна клаузула и во девизи притоа одржувајќи ја агрегатната девизна позиција во рамки на законски пропишаниот лимит од +/-30% од сопствените средства.

Квалитатвни и квантитативни информации за валутниот ризик се прикажани во белешките кои се составен дел на ревидираните финансиски извештаи на Банката (во точка 2.3.3 за 2015, во точка 2.3.2 за 2014 и 2.3.2 во 2013 година).

**Оперативен ризик**

Оперативен ризик е ризик од загуба поради несоодветни или слаби интерни процеси, несоодветни лица и несоодветни или слаби системи на Банката, како и надворешни настани.

Оперативнот ризик е дефиниран како ризик од загуба поради несоодветни или слаби внатрешни процеси, несоодветни лица, несоодветни или слаби системи во банката и надворешни настани. Оперативниот ризик го опфаќа и правниот ризик, ризикот од перење на пари и финансирање на тероризам, како и ризикот од несоодветност на информативните системи.

Стопанска банка а.д. Битола континуирано ги следи, конторлира и анализира процесите и



СТОПАНСКА БАНКА БИТОЛА 4

настаните што се извршуваат во Банката, ја мери изложеноста на оперативен ризик и презема соодветни мерки за спречување на евентуални идни штети кои негативно би се одразиле врз финансискиот резултат и капиталот на Банката. Притоа активностите на Банката поврзани со управувањето со оперативен ризик се насочени кон зајакнување на контролите врз процесите и системите, а се во согласност со Политиката и Процедурата за управување со оперативен ризик, кои пак се усогласени со важечката законска регулатива. Воедно, во текот на 2015 година беше ставено во функција системско решение за евиденција и следење на оперативниот ризик со што дополнително се унапреди процесот на управување со оперативен ризик.
Во периодот јануари-декември 2015 година, Банката не регистрира настани кои би предизвикале значајна материјална штета.

**Репутациски ризик**

Репутацискиот ризик е дефиниран како ризик врз добивката или сопствените средства на Банката кој произлегува од неповолни оценки за Банката од страна на клиентите, доверителите, акционерите и супервизорите. Во текот на цела 2015 година, Стопанска банка а.д. Битола делуваше во насока на градење и одржување на угледот на Банката, преку воспоставување на професионални односи со клиентите и деловните партнери кои се засноваат на меѓусебна доверба, сигурност, етика и законско работење. На ваков начин Банката успешно управуваше со репутацискиот ризик притоа почитувајќи ги законите, актите на НБРМ, како и интерно пропишаната Политика за управување со репутациски ризик и Процедура за постапка по поплаки од клиенти на Стопанска банка а.д. Битола.
Во 2015 година не е регистриран настан кој значително би го загрозил угледот и репутацијата на Банката.

**Ризик од промена на каматни стапки во портфолиото на банкарски активности.**

Банката е изложена од ризик од променливост на каматните стапки како резултат на тоа што каматоносните средства и каматаносните обврски достасуваат или нивната каматна стапка се менува во различен период или во различни износи.

Управувањето со ризикот од промена на каматни стапки на портфолиото на банкарски активности во текот на 2015 година се спроведуваше во согласност со регулативата и интерните акти (Политика и Процедура за управување со ризикот од промена на каматни стапки на портфолиото на банкарски активности) при што фокусот беше ставен на:

- измени и дополнувања на Одлуката за политиката на каматни стапки на Стопанска банка а.д. Битола во насока на зајакнување на конкурентската позиција на Банката во однос на другите банки;
- континуирано следење на просечните пондерирани каматни стапки на активата и пасивата;
- следење на движењето на каматните стапки на НБРМ, пазарот на пари и светските финансиски пазари;
- следење на рочната усогласеност на каматночувствителните активни и пасивни позиции и утврдување на коефициент на каматен ризик.

Во 2015 година, Банката во целост ја исполнуваше обврската за известување согласно актите на НБРМ и редовно ги изготвуваше и доставуваше извештаите за промена на економската

вредност на портфолиото на банкарски активности за позициите со фиксна, прилагодлива и променлива каматна стапка, како и вкупна пондерирана каматна стапка.

Просечната пондерирана каматна стапка на активата остварена на 31.12.2015 година изнесуваше 4,87% (5,01% на 31.12.2014 година), додека просечната пондерирана каматна стапка на пасивата изнесуваше 1,54% (2,09% на 31.12.2014 година). Нето каматната маргина со состојба на 31.12.2015 година изнесуваше 3,31% што претставува зголемување од 0,41 п.п. во однос на истата остварена на 31.12.2014 година.

Квалитатвни и квантитативни информации за каматниот ризик се прикажани во белешките кои се составен дел на ревидираните финансиски извештаи на Банката. (во точка 2.3.1 за 2015, во точка 2.3.1 за 2014 и 2.3.1 во 2013 година).

## 5. ПОДАТОЦИ ЗА ИЗДАВАЧОТ

### 5.1. Податоци за историјата и развојот на издавачот

Со решение на Градскиот народен Одбор Битола е основана Комунална банка - Битола, која започнува со работа на 01.10.1948 година. Предмет на работа: прибирање слободни парични средства од локалното стопанство и од населението.

Со одлука на основачите, Комунална банка - Битола останува да делува како банка на општините Битола и Демир Хисар од 01.04.1962 година.

Со одлуки на собранијата на основачите на комуналните банки од Битола, Охрид, Струга, Ресен и од Крушево е основана Комерцијално-инвестициона банка - Битола со седиште на централата во Битола и со постоење на пет филијали. Оваа банкарска организација почнува да работи од 01.01.1966 година, па сè до крајот на 1972 година.

Со одлуки на собранијата на основачите се изврши спојување на Комерцијално-инвестициона банка - Битола, Комерцијално-инвестициона банка - Скопје и Стопанска банка - Скопје во единствена банка, со седиште во Скопје.

Новоформираната Стопанска банка со седиште во Скопје почнува со работа на 01.01.1973 година со отворањето на филијали во сите општински центри.

Со Одлука на основачите на 23 декември 1977 година се основа и конституира Стопанска банка - Основна банка - Битола.

Формираните основни банки по пат на спогодба ја формираа Стопанска банка - Здружена банка - Скопје.

Со одлуки на основачите на основните банки во текот на декември 1989 година се донесе одлука за спојување-основање на Стопанска банка а.д. Скопје, со тоа што основните банки се трансформираа во главни филијали, а деловните единици на основните банки во филијали. Банката отпочна со работа на 01.01.1990 година.

Со тендер на Народната банка на Република Македонија се изврши издвојување на пет банки од Стопанска банка а.д. Скопје, меѓу кои беше и Стопанска банка а.д. Битола, која отпочна со работа со одлука на Собранието на акционери од 07.06.1995 година, како самостојна банка со почетен биланс од 01.01.1995 година.



БИТОЛА
4

5.1.1. Полн назив, фирма и седиште на издавачот ( адреса и телефонски број).
- Стопанска банка а.д. Битола со седиште на ул. Добривое Радосављевиќ бр. 21-Битола. Тел. +389 (0)47 207-500

5.1.2. Датум на регистрација во трговскиот регистар и матичен број на друштвото.
- 08.06.1995 година, МБ 5026377

5.1.3. Датум на основање на друштвото и времето за кое е основано друштвото, освен кога е основано на неопределно време
- 07.06.1995 година, неопределено време

5.1.4. Правна форма на друштвото и законите врз основа на кои работи
- Стопанска банка а.д. Битола е организирана како Акционерско друштво (АД) согласно Законот за трговски друштва.

Стопанска банка а.д. Битола работи врз основа на Законот за Банки, Законот за трговски друштва, Законот за хартии од вредност, Закон за платен промет, Закон за девизно работење, Закон за облигациони односи, Закон за СПП и ФТ и сите други законски и подзаконски акти релевантни за банкарското работење.

## 6. ДЕЛОВЕН ПРЕГЛЕД

6.1. Основни дејности

6.1.1. Опис на активности кои ги врши издавачот во согласност со закон, како и податоци за основните категории на производи и услуги кои се продадени за последните три финансиски години.
- Банката е овластена од Народна Банка на Република Македонија да ги врши следните финансиски активности:

1. Прибирање на депозити и други повратни извори на средства.
2. Кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции.
3. Кредитирање во странство, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции.
4. Издавање и администрирање на платежни средства(парични картички, чекови, патнички чекови, меници).
5.Финансиски лизинг
6. Менувачки работи.
7. Платен промет во земјата и странство вклучувајќи купопродажбан а девизи.
8. Издавање на платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување.
9. Изнајмување сефови, остава и депо.
10. Тргување со девизни средства што вклучува и благородни метали .
11. Чување на хартии од вредност за клиенти
12. Обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица.
13. Економски-финансиски консалтинг.
14. Тргување со инструменти на пазарот на пари.
15. Советување на правни лица со структурата на капиталот, деловната стратегија или други поврзани прашања или давање услуги поврзани со спојување или припојување на правни лица.



БИТОЛА

16. Продажба на полиси за осигурување.
17. Посредување во склучување договори за кредити и заеми.

Основните категории на производи и услуги кои се продадени за последните три финансиски години:

1. Прибирање на депозити идруги повратни извори на средства;
2. Кредити за правни и физички лица;
3. Гаранции за правни и физички лица;
4. Документирани акредитиви;
| 10.2. | Податок за природата на било каква поврзаност на лицето со другите членови на Надзорниот Одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија, Управниот Одбор, кредитниот Одбор и Одборот за управување и надгледување на информативна технологија: | Нема поврзаност на лицето со други членови на Надзорниот Одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија, Управниот Одбор , Кредитниот Одбор, Одборот за управување и надгледување на информатичка технологија. |
| 10.3. | Детални податоци | |
| 10.3.1. | Податоци за релеватното менаџерско и експертско работно искуство: | Службеник во фабрика за газирани сокови – Џус Фрут; фабрика за текстилни производи Кимико; референт во служба за сметководство; самостоен референт во служба за план, анализа и ХОВ; раководител на служба за управување со ликвидност и АЛМ во Стопанска банка а.д. Битола |
| 10.3.2. | Имињата на друштвата во кои лицето е член на Одборот на директори односно Управниот и Надзорниот Одбор или е содружник односно акционер во било кое време во последните пет години и дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник, односно акционер: | Заменик член на АЛКО Одборот во Стопанска банка а.д. Битола.<br><br>Поседува акции во Стопанска банка а.д. Битола.<br>Не поседува акции во други друштва. |
| 10.3.3. | Податок дали лицето бил член на Одборот на | Не бил член на Одборот на директори |



СТОПАНСКА БАНКА БИТОЛА

| | | |
|---|---|---|
| | директори односно Управниот и Надзорниот Одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, претстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години: | односно Управниот и Надзорниот Одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, претстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години. |
| 10.3.4. | Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кео делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години ( со податок кога била изречена мерката и до кога трае забраната ): | Не и е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кео делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години. |
| 10.3.5. | Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачката структура на издавачот, со податок за износот на тоа учество: | 10 обични акции, 0,0025% од основната главнина на банката. |

| | | |
|---|---|---|
| 10.1. | Име и презиме и датум на раѓање: | **Моника Ресановиќ** |
| | Деловна адреса: | Ул. Добривое Радосављевиќ бр.21, Битола |
| | Функција што ја врши кај издавачот: | Заменик член на АЛКО Одборот |
| | Податоци за значајните активности на овие лица надвор од работењето кај издавачот, доколку тие активности се значајни за тој издавач: | Нема значајни активности надвор од работењето кај издавачот. |
| 10.2. | Податок за природата на било каква поврзаност на лицето со другите членови на Надзорниот Одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија, Управниот Одбор, кредитниот Одбор и Одборот за управување и надгледување на информативна технологија: | Нема поврзаност на лицето со други членови на Надзорниот Одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија, Управниот Одбор , Кредитниот Одбор, Одборот за управување и надгледување на информатичка технологија. |
| 10.3. | Детални податоци | |
| 10.3.1. | Податоци за релеватното менаџерско и експертско работно искуство: | Стручен соработник во девизен пазар во Стопанска банка а.д. Битола<br>Самостоен стручен соработник-дилер, сектор за процесирање, служба за тргување |
| 10.3.2. | Имињата на друштвата во кои лицето е член на Одборот на директори односно Управниот и Надзорниот Одбор или е содружник односно акционер во било кое време во последните пет години и дали лицето сеуште е или не е веќе член или | Заменик член на АЛКО Одборот во Стопанска банка а.д. Битола.<br><br>Не поседува акции во Стопанска банка а.д. Битола.<br>Не поседува акции во други друштва. |



БИТОЛА

| | | |
|---|---|---|
| | содружник, односно акционер: | |
| 10.3.3. | Податок дали лицето бил член на Одборот на директори односно Управниот и Надзорниот Одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, претстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години: | Не бил член на Одборот на директори односно Управниот и Надзорниот Одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, претстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години. |
| 10.3.4. | Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кео делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години ( со податок кога била изречена мерката и до кога трае забраната ): | Не и е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кео делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години. |
| 10.3.5. | Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачката структура на издавачот, со податок за износот на тоа учество: | Не поседува акции во Стопанска банка а.д. Битола. |

| | | |
|---|---|---|
| 10.1. | Име и презиме и датум на раѓање: | **Весна Дацева, 28.11.1979 г.** |
| | Деловна адреса: | Ул. Добривое Радосављевиќ бр.21, Битола |
| | Функција што ја врши кај издавачот: | Член на АЛКО Одборот |
| | Податоци за значајните активности на овие лица надвор од работењето кај издавачот, доколку тие активности се значајни за тој издавач: | Нема значајни активности надвор од работењето кај издавачот. |
| 10.2. | Податок за природата на било каква поврзаност на лицето со другите членови на Надзорниот Одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија, Управниот Одбор, кредитниот Одбор и Одборот за управување и надгледување на информатвна технологија: | Нема поврзаност на лицето со други членови на Надзорниот Одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија, Управниот Одбор , Кредитниот Одбор, Одборот за управување и надгледување на информатичка технологија. |
| 10.3. | Детални податоци | |
| 10.3.1. | Податоци за релеватното менаџерско и експертско работно искуство: | Референт во Секторот за маркетинг и односи со јавност во Интернационална Приватна Банка АД Скопје; референт во Служба за кредитирање на МСТД во Шпаркасе банка АД Скопје; Раководител на експозитура во Шпаркасе банка АД Скопје; Менаџер на работа со население во Стопанска банка а.д. Битола; Директор на |

| | | |
|---|---|---|
| | | сектор за работа со физички лица во Стопанска банка а.д. Битола |
| 10.3.2. | Имињата на друштвата во кои лицето е член на Одборот на директори односно Управниот и Надзорниот Одбор или е содружник односно акционер во било кое време во последните пет години и дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник, односно акционер: | Член на АЛКО Одборот во Стопанска банка а.д. Битола.<br><br>Не поседува акции во Стопанска банка а.д. Битола.<br>Не поседува акции во други друштва. |
| 10.3.3. | Податок дали лицето бил член на Одборот на директори односно Управниот и Надзорниот Одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, претстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години: | Не бил член на Одборот на директори односно Управниот и Надзорниот Одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, претстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години. |
| 10.3.4. | Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години ( со податок кога била изречена мерката и до кога трае забраната ): | Не и е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години. |
| 10.3.5. | Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачката структура на издавачот, со податок за износот на тоа учество: | Не поседува акции во Стопанска банка а.д. Битола. |

| | | |
|---|---|---|
| 10.1. | Име и презиме и датум на раѓање: | **Гордана Балтовска,**<br>**(податоците од точките 10.1.; 10.2.; 10.3.; 10.3.1.; 10.3.2.; 10.3.3.; 10.3.4.; 10.3.5.; се дадени погоре)** |

| | | |
|---|---|---|
| 10.1. | Име и презиме и датум на раѓање: | **Наташа Несторовска,**<br>**(податоците од точките 10.1.; 10.2.; 10.3.; 10.3.1.; 10.3.2.; 10.3.3.; 10.3.4.; 10.3.5.; се дадени погоре)** |

| | | |
|---|---|---|
| 10.1. | Име и презиме и датум на раѓање: | **Софка Ангелевска,**<br>**(податоците од точките 10.1.; 10.2.; 10.3.; 10.3.1.; 10.3.2.; 10.3.3.; 10.3.4.; 10.3.5.; се дадени погоре)** |



БИТОЛА
4

| | | |
|---|---|---|
| 10.1. | Име и презиме и датум на раѓање: | **Весна Дацева,** **(податоците од точките 10.1.; 10.2.; 10.3.; 10.3.1.; 10.3.2.; 10.3.3.; 10.3.4.; 10.3.5.; се дадени погоре)** |

| | | |
|---|---|---|
| 10.1. | Име и презиме и датум на раѓање: | **Наталија Мицковска,** **(податоците од точките 10.1.; 10.2.; 10.3.; 10.3.1.; 10.3.2.; 10.3.3.; 10.3.4.; 10.3.5.; се дадени погоре)** |

| | | |
|---|---|---|
| 10.1. | Име и презиме и датум на раѓање: | **Наташа Трајкова,** **(податоците од точките 10.1.; 10.2.; 10.3.; 10.3.1.; 10.3.2.; 10.3.3.; 10.3.4.; 10.3.5.; се дадени погоре)** |

| | | |
|---|---|---|
| 10.1. | Име и презиме и датум на раѓање: | **Моника Ресановиќ,,** **(податоците од точките 10.1.; 10.2.; 10.3.; 10.3.1.; 10.3.2.; 10.3.3.; 10.3.4.; 10.3.5.; се дадени погоре)** |

**10.4. Судир на интереси помеѓу членовите на органите на издавачот.**

10.4.1. Податок за потенцијален судир на интереси помеѓу одговорностите кои лицата членови на органите на издавачот ги имаат кај издавачот и нивните приватни интереси или други одговорности. Во случај доколку не постои судир на интереси да се даде изјава дека не постои.

- Не постои потенцијален судир на интереси помеѓу одговорностите кои лицата членови на органите на управување на банката ги имаат кај банката и нивните приватни интереси или други одговорности.

Банката има донесено посебен интерен акт-Политика за идентификување и избегнување и спречување на судир на интереси, во која се утврдени основните принципи за идентификување и спречување на случаите на судир на интереси во работењето на банката.

Согласно законската регулати и интерните акти на Банката, во случај на постоење на судир на интереси при разгледување на конкретни одлуки, договори и деловни активности, членовите на органите на банката даваат писмени изјави за постоење на судир на интереси и не учествуваат при разгледувањето и донесувањето на одлуките, склучувањето на договорите или вршење на други деловни активности.

## 11. ВРАБОТЕНИ

11.1. Број на вработени и квалификациона структура на крајот од секоја година во последните три години и променета состојба до денот на изготвување на Проспектот.



БИТОЛА

- ***Број на вработени во 2013 со состојба на 31.12.2013 година- 166 вработени***

| Број и структура на вработени според степенот на образование | |
|---|---|
| Степен на образование | Број |
| - Доктор на науки | / |
| - Магистар на науки | 10 |
| - ВСС | 107 |
| - ВШС | 4 |
| - ССС | 45 |
| Вкупно: | **166** |

- ***Број на вработени во 2014 со состојба на 31.12.2014 година- 191 вработени***

| Број и структура на вработени според степенот на образование | |
|---|---|
| Степен на образование | Број |
| - Доктор на науки | / |
| - Магистар на науки | 22 |
| - ВСС | 118 |
| - ВШС | 5 |
| - ССС | 46 |
| Вкупно: | **191** |

- ***Број на вработени во 2015 со состојба на 31.12.2015 година- 224 вработени***

| Број и структура на вработени според степенот на образование | |
|---|---|
| Степен на образование | Број |
| - Доктор на науки | / |
| - Магистар на науки | 32 |
| - ВСС | 142 |
| - ВШС | 5 |
| - ССС | 45 |
| Вкупно: | **224** |

- ***Број на вработени во 2016 со состојба на 30.04.2016 година- 240 вработени***

| Број и структура на вработени според степенот на образование | |
|---|---|
| Степен на образование | Број |
| - Доктор на науки | 1 |
| - Магистар на науки | 34 |
| - ВСС | 152 |
| - ВШС | 5 |
| - ССС | 48 |
| Вкупно: | **240** |



БИТОЛА

## 12. ГОЛЕМИ АКЦИОНЕРИ

12.1. Согласно сознанијата на издавачот, податоци за лицата (освен за оние кои се членови на Одборот на директори, односно Управниот и Надзорниот Одбор на издавачот) кои заедно со поврзаните лица, директно или индиректно поседуваат повеќе од 5% од било кој род или класа на акции издадени од издавачот, заедно со висината на тоа учество (апсолутна вредност и релативна вредност во однос на основната главнина на издавачот и во однос на гласачката структура на издавачот). Ако нема такви лица или ако нема сознанија за такви лица да се даде соодветна негативна изјава.

- Согласно сознанијата стекнати врз основа на акционерската книга и изјавите на поврзаните субјекти, акционери кои поседуваат повеќе од 5% од издадените акции на Стопанска Банка а.д.- Битола е друшвото Пелистерка АД Скопје кој заедно со поврзаното лице Тимох ДОО Скопје поседуваат вкупно 85.437 обични акции што претставува 21,85% од вкупниот број на акции со право на глас, со состојба 30.04.2016 година.

12.2. Опис на било какви договори или други акти познати за издавачот, чија реализација на определен датум може да доведе до промена на контролата кај издавачот.

- Во моментот на изготвување на овој Проспект, не постојат било какви договори или други акти кои се познати за Стопанска Банка а.д.- Битола, чија реализација може да доведе до промена на котролата во управувањето врз Стопанска Банка а.д.- Битола.

## 13. ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ

13.1. Финансиски извештаи

Ревидирани финансиски извештаи за последните три години изготвени согласно методологијата на НБРМ и независно ревизорско мислење за последните три години изготвено согласно методологијата на НБРМ.

Составен дел од Проспектот се ревидираните финансиски извештаи изготвени согласно методологијата на НБРМ со независно ревизорско мислење изготвено согласно методологијата на НБРМ за ревизија за последните три години: 2013 (Прилог бр.3); 2014 (Прилог бр.2) и 2015 (Прилог бр.1).

Ревидирани финансиски извештаи ги содржат предвидените задолжителни елементи:

a) Биланс на состојба
b) Биланс на успех
c) Извештај за промени на главнината
d) Извештај за паричните текови
e) Сметководствени политики и објаснувачки белешки

13.2. Ревизија на годишните финансиски извештаи.

13.2.1. Посочување дека финасиските извештаи се ревидирани и наведување на извештајот на ревизорот за финансиските извештаи на издавачот за последните три години.

- Финасиските извештаи се ревидирани за последните три години (2013, 2014 и 2015 година) се ревидирани и заедно со извештаите на ревизорите за финансиските извештаи на Банката се составен дел на Проспектот (Прилог бр. 1, 2 и 3).

13.2.2. Посочување на други информации во проспектот кои биле ревидирани од независен ревизор.

- Освен приложените ревидирани финасиски извештаи за последните три години (2013,

2014 и 2015 година), не постојат други информации кои се содржани во Проспектот, а кои се ревидирани од независен ревизор.

13.2.3. Секаде во проспектот каде што се прикажуваат финансиски податоци кои не се земени од ревидираните финансиски извештаи на издавачот, задолжително се посочува изворот од каде се користени тие податоци и се посочува дека иститие не се ревидирани.

13.3. Периодични и други финансиски информации.

13.3.1. Доколку издавачот објавил квартални или полугодишни финансиски извештаи од датумот на неговите последни ревидирани финансиски извештаи, иститие треба да бидат вклучени во проспектот. Ако кварталните или полугодишнте финансиски информации/извештаи биле проверени или ревидирани од овластен ревизор, извештајот на ревизорот задолжително се прикажува во проспектот. Ако кварталните или полугодишните финансиски информации/извештаи не биле проверени или ревидирани од овластен ревизор во проспектот задолжително се наведува тој факт.

- Составен дел од Проспекот е Финансискиот извештај за првиот квартал за 2016 година, кој е изготвен согласно позитивната законска регулатива (Прилог 4). Финансискиот извештај за првиот квартал за 2016 година не е ревидиран од страна на овластен ревизор.

13.3.2. Доколку проспектот е од датум по завршување на девет месеци од датумот на последните годишни финансиски извештаи кои биле ревидирани, задолжително содржи периодични финансиски извештаи, кои може да видат неревидирани (при што задолжително се наведува дека истите не се ревидирани), а кои се однесуваат најмалу на периодот од првото полугодие на финансиската година.

- Составен дел од Проспекот е Билансот на успех за 31.03.2016 година, кој не е ревидиран од страна на овластен ревизор.

13.3.3. Периодичните финансиски извештаи треба да ги вклучат и споредбените извештаи за истиот период од предходната финансиска година, освен за билансот на состојба кај кои за споредба може да се земе и состојбата од крајот на последната финансиска година.

- Периодичниот извештај (за 31.03.2016 година-Прилог бр. 4), кој е составен дел од овој проспект и кој не е ревидиран од овластен ревизор, ги вклучува споредбените извештаи за истиот период од предходната финансиска година.

13.4 Дивидендна политика.

13.4.1. Опис на политиката на издавачот за распределба на дивиденда и на какви било ограничувања во поглед на истата.

- Сопственицитe на обични акциии имаат право на дивиденда како дел од добивката на банката. За исплата на дивиденда одлучува Собранието на акционери на Банката. Висината на дивидендата на акциите се утврдува со Одлука на Собранието на акционери на Банката.

13.4.2. Износ на исплатената дивиденда по акција за последните три финансиски години, соодветно прилагодена во случај на промени на бројот на акциите на издавачот, заради споредливост на податоците.

- Стопанска Банка а.д.- Битола нема исплатено дивиденда за последните три години (2013; 2014 и 2015 година)

13.5 Правни постапки

Информации за какви било правни постапки (административни, судски и други законски

постапки), вклучувајќи ги и потенцијалните постапки или постапките кои се во тек за кои издавачот е запознаен, за период од 12 месеци кои може да имаат или имале во неодамнешното минато значајно вилијание на финансиската положба или на профитабилноста на издавачот односно на групацијата на издавачот (нивната вредност изнесува најмалку 5% од вредноста на капиталот на друштвото). Доколку таквите постапки не постојат, потребно е да се посочи дека не постојат.

- На денот на изработката на проспектот , во рамките на своето работење Банката води постапки со поединечна/збирна вредност над 5 % од капиталот на Банката , а со вкупен износ од 33.597.000 МКД ( во 2014 година - 42.233.000 МКД).

Не е евидентирано резервирање на денот на известување, бидејќи професионалните правни совети покажуваат дека нема веројатност за појава на значителни загуби.Освен тоа разни правни спорови и побарувања може да се појават и во иднина во текот на редовното деловно работење на Банката. Поврзаните ризици се анализирани од веројатноста на нивна појава. Иако резултатот од оваа проблематика неможе секогаш со сигурност да се утврди, Раководството на Банката смета дека потенцијалните правни спорови и побарувања нема да резултираат во материјално значајни обврски.

13.6. Значајни промени во финансиската или трговската положба на издавачот.

Опис на каква било значајна промена на финансиската положба на групацијата на издавачот која се случила во периодот по завршување на последната финансиска година за која се објавени ревидирни финансиски извештаи или по завршување на последното полугодие за кое се објавени периодични финансиски информации. Доколку такви промени не се случиле потребно е да се посочи дека не се случиле.

- Во периодот по завршување на последната финансиска година за која се објавени ревидирни финансиски извештаи односно од 31.12.2014 до 31.12.2015 година, како и по завршување на првиот квартал за 2016 година, Банката нема преземено имот заради намирување на своето побарување, што би имало значајно влијание врз финансиската положба на банката, ниту пак се случиле други значајни промени во финансиската или трговската положба на банката.

## 14. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

14.1 Податоци за капиталот на издавачот

14.1.1 Износ на основната главнина и број , род и класа на хартиите од вредност од кои се состои основната главнина со состојба на денот на последниот биланс на состојба вклучен во проспектот и состојба по промени во основната главнина што настанале по изготвување на последниот биланс на состојба до денот на изготвување на проспектот.

| | 31.12.2014 | 31.12.2015 |
|---|---|---|
| Запишан капитал | 1.172.931.000 МКД | 1.172.931.000 МКД |
| Сопствени акции | | |
| Премии од акции | 645.000 МКД | 645.000 МКД |
| Ревалоризациски резерви | 25.017.000 МКД | 20.172.000 МКД |
| Резерви | 27.269.000 МКД | 62.143.000 МКД |
| Акумулирана добивка | 34.874.000 МКД | 7.842.000 МКД |



БИТОЛА

| Вкупно капитал и резерви | 1.260.736.000 МКД | 1.263.733.000 МКД |
|---|---|---|

| | 31.12.2014 | 31.12.2015 |
|---|---|---|
| Број на обични акции | 390.977 | 390.977 |

Со состојба на 31.12.2015 година капиталот на Стопанска банка а.д. Битола се состои од 390.977 обични акции со поединечна номинална вредност од 3.000 МКД. До денот на изготвување на Проспектот нема промени во основната главнина на Банката.

Сите обични акции се со право на глас и банката не поседува откупени сопствени акции.

14.1.2 Износот на издадените конвертибилни хартии од вредност и хартии од вредност со варанти, со опис на условите и процедурите на конверзија или запишување.

Стопанска банка а.д. Битола нема издадено конвертибилни хартии од вредност ниту хартии од вредност со варанти.

14.1.3 Податоци за тоа дали органот на управување е овластен со Статутот на издавачот да ја зголеми основната главнина (одобрен капитал) и податок за износот на одобрениот капитал и за периодот за кој важи одредбата на Статутот за одобрен капитал.

Со Статутот на банката ( пречистен текст НО бр. 02-2482/И-2 од 26.03.2015 година) зголемувањето на основната главнина со одобрен капитал е предвидено само ако еден од начините на зголемување на основната главнина.

Овој начин може да се овозможи со одлука за измена на Статутот на Банката. Согласно постојниот Статут органот на управување не е овластен со Статутот на издавачот да ја зголеми основната главнина (одобрен капитал).

14.2. Релативни показатели за работењето на издавачот на денот на последните финансиски извештаи презентирани во проспектот и последниот квартал до денот на изготвување на проспектот.

14.2.1 Адекватност на капиталот согласно Методологијата пропишана од Народна банка на Република Македонија.

**Адекватност на капиталот на банката**

| 31.12.2013 | 31.12.2014 | 31.12.2015 |
|---|---|---|
| 21.68 % | 20.20 % | 19.54 % |

*Извор: Ревидирани финансиски извештаи за 2013, 2014 и 2015 година.*

14.2.2 Учество на сопствени средства во пасива.

**Учество на сопствени средства во пасива**

| 31.12.2013 | 31.12.2014 | 31.12.2015 |
|---|---|---|
| 16.29 % | 16.46 % | 15.10 % |

*Извор: Ревидирани финансиски извештаи за 2013, 2014 и 2015 година.*

14.2.3 Учество на депозити од населенито во пасивата.

**Учество на депозити од населенито во пасивата**

| 31.12.2013 | 31.12.2014 | 31.12.2015 |
|---|---|---|
| 60,65% | 56.7% | 53.15 % |

*Извор: Ревидирани финансиски извештаи за 2013, 2014 и 2015 година.*

14.2.4 Однос на краткорочни пласмани и краткорочни извори

**Однос на краткорочни пласмани и краткорочни извори**

| 31.12.2013 | 31.12.2014 | 31.12.2015 |
|---|---|---|
| 0.50 | 0.48 | 0.51 |

*Извор: Ревидирани финансиски извештаи за 2013, 2014 и 2015 година.*

Во краткорочни пласмани се вклучени сите кредити и побарувања од банки други комитенти на бруто основа кои се класифицирани со рочност до 1 година (тука вклучени се и побарувања по основ на камати, достасани и недостасани побарувања, аванси, акумулирана амортизација и сомнителни и спорни побарувања), додека во краткорочни извори се вклучени сите обврски по основ на депозити на банки и други комитенти кои се класифицирани до 1 година.

14.2.5 **Агрегатна отворена девизна позиција**

| | 31.12.2013 | 31.12.2014 | 31.12.2015 |
|---|---|---|---|
| Во 000 МКД | 86.078 | 4.735 | 12.325 |
| % од сопствени средства | 8.05% | 0.43% | 0.98% |

*Извор: Ревидирани финансиски извештаи за 2013, 2014 и 2015 година.*

14.2.6 **Голема кредитна изложеност во однос на сопствени средства**

| | 31.12.2013 | 31.12.2014 | 31.12.2015 |
|---|---|---|---|
| Во 000 МКД | 3.149.608 | 3.591.081 | 3.705.486 |
| % од сопствени средства | 294,57 % | 326,16% | 295,05 % |

*Извор: Ревидирани финансиски извештаи за 2013, 2014 и 2015 година.*

Податокот за голема кредитна изложеност на банката е во согласнот со член 72 од Законот за банки според кој вкупниот износ на големи изложености не смее да го надмине осумкратниот износ на сопстени средства на банката

14.2.7 **Капитални вложувања во нефинансиски институции**

| Во 000 МКД | 31.12.2013 | 31.12.2014 | 31.12.2015 |
|---|---|---|---|
| Пелагонија фајнанс | - | 1.848 | 1.848 |

*Извор: Ревидирани финансиски извештаи за 2013, 2014 и 2015 година.*

14.2.8 **Капитални вложувања во банки, штедилници и други финансиски институции**

| | 31.12.2013 | 31.12.2014 | 31.12.2015 |
|---|---|---|---|
| КИБС во 000 МКД | 15.870 | 24.270 | 24.270 |
| ЦДХВ во 000МКД | 1.287 | 1.287 | 1.287 |
| КД Фондови во000 МКД | 3.000. | - | - |

*Извор: Ревидирани финансиски извештаи за 2013, 2014 и 2015 година.*

14.2.9 **Учество на основни средства во вкупни сопствени средства на банката**

| 31.12.2013 | 31.12.2014 | 31.12.2015 |
|---|---|---|
| 27.15 % | 23.09 % | 25.29 % |

*Извор: Ревидирани финансиски извештаи за 2013, 2014 и 2015 година.*

14.2.10 **Учество на кредитна изложеност во одделни ризични категории во вкупна кредитна изложеност**

| Категорија на ризик | 31.12.2013 | 31.12.2014 | 31.12.2015 |
|---|---|---|---|
| **В** | 1.06% | 0.96% | 0.75% |
| **Г** | 1.89% | 0.34% | 0.44% |
| **Д** | 14.39% | 11.37 % | 10.07 % |

*Извор: Ревидирани финансиски извештаи за 2013, 2014 и 2015 година.*

**14.3.** Вкупен платен промет спрема странство за предходната година и за тековната година

**Вкупен платен промет спрема странство во 000МКД**

| 31.12.2013 | 31.12.2014 | 31.12.2015 |
|---|---|---|
| **7.255** | **7.002** | **9.690** |

*Извор: Ревидирани финансиски извештаи за 2013, 2014 и 2015 година.*

**14.4.** Движење на ликвидноста: покриеност на обврските на банката со високо ликвидна актива (парични средства и хартии од вредност издадени од НБРМ и од Република Македонија).

**Покриеност на обврските на банката со високоликвидна актива**

| **Категорија** | **31.12.2013** | **31.12.2014** | **31.12.2015** |
|---|---|---|---|
| Високо ликвидна актива во000 МКД | 2.926.119 | 3.350.803 | 3.201.555. |
| Вкупни обврски во 000 МКД | 6.693.909* | 7.658.303 | 8.366.471 |
| **Коефициент** | **0.44** | **0.44** | **0.38** |

Парични средства и хартии од вредност издадени од НБРМ и од Р. Македонија

*Извор: Ревидирани финансиски извештаи за 2013, 2014 и 2015 година.*

**14.5. Статут на издавачот и основачки акти.**

Статутот на Стопанска банка а.д. Битола ги опфаќа Статутот на Стопанска банка а.д. Битола СО бр.02-4490/ИИ-4 од 22.11.2000 година, Статутарната одлука за измена на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола СО бр.02-1370/ИИИ-15 од 20.03.2002 година, Одлуката за 11-та емисија на акции бр.02-1258/21 од 24.03.2004 година, Одлуката за 12-та емисија на акции бр.02-832/ИИ-18 од 23.03.2005 година, Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка а.д.Битола СО бр.02-832/ИИ-21 од 23.03.2005 година, Одлуката за 13-та емисија на акции бр.02-707/ИИ-19 од 22.03.2006 година и Статутарната одлука за измена на Статутот на Стопанска банка а.д.Битола СО

бр.02-3144-3 од 07.12.2007 година, Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Стопанска Банка а.д. Битола СО бр. 02-2148/ИИ-16 од 18.05.2011 година и Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Стопанска Банка а.д. Битола СО бр. 02-4909/ИИ-2 од 26.12.2011 година, Одлука за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола СО бр.02-1313/16-1 од 30.05.2012 година и Одлука за измена и дополнување на Предлог Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка а.д.Битола бр. 02-2012/ИИ-18 од 03.05.2012 СО бр.02-1313/16-2 од 30.05.2012 година, Одлука за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола СО бр. 02-2680/ИИ-11 од 29.05.2013 година, Одлука за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола СО бр. 02-272/II-4 од 14.01.2015 година во кое е означено времето на нивното влегување во сила, Одлука за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола СО бр. 02-2383/II-12 од 25.03.2015 година во кое е означено времето на нивното влегување во сила.

14.5.1. Предмет на работење на Стопанска Банка а.д. Битола согласно Статутот е:

1) прибирање на депозити и други повратни извори на средства;
2) кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
3) кредитирање во странство, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
4) издавање и администрирање на платежни средства (парични картички, чекови, патнички чекови, меници);
5) издавање на електронски пари, доколку е уредено со посебен закон;
6) финансиски лизинг;
7) менувачки работи;
8) платен промет во земјата и странство, вклучуваќи купопродажба на девизи;
9) брз трансфер на пари;
10) издавање на платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;
11) изнајмување сефови, остава и депо;
12) тргување со инструменти на пазарот на пари;
13) тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали;
14) тргување со хартии од вредност;
15) тргување со финансиски деривати;
16) управување со средства и портфолио на хартии од вредност за клиенти и/или инвестициско советување на клиенти;
17) давање на услуги на чување на имот на инвестициски и пензиски фондови;
18) купопордажба, гарантирање или пласман на емисија на хартии од вредност;

18 а) чување на хартии од вредност за клиенти;

18 б) советување на правни лица во врска со структурата на капиталот, деловната стратегија или други поврзани прашања или давање услуги поврзани со спојување или припојување на правни лица;

19) продажба на полиси за осигурување;
20) посредување во склучување договори за кредити и заеми;



БИТОЛА
4

21) обработка и анализа на информации за кредитна сопосбност на правни лица;
22) економско-финансиски консалтинг и
23) други финансиски активности утврдени со закон штоможе да ги врши банка.

За извршување на активностите од точки 3, 13, 14, 15, 16, 17 и 18, освен за тргување со хартии од вредност во земјата, потребен е износ на сопствени средства од најмалку Ден. 560.000.000,00.

За извршување на активностите од точки 5, 8, 9, 13, 14, 15, 16, 17, 18 и 23, потребно е претходна согласност на гувернерот на Народната банка.

Банката не може директно да извршува работи од областа на индустријата, трговијата или други нефинансиски активности.

За извршување на активностите од точки 14, 16, 17 и 18, потребно е претходна согласност од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.

14.5.2. Опис на правата, предностите и ограничувањата кои произлегуваат од секоја класа на акции издадени од издавачот.

- Секоја обична акција има право на еден глас на Собранието на акционери на Банката.

Акционерот на банката ги имас сите права, обврски и одговорности утврдени со законските и подзаконските прописи и во Статутот на Банката.

Акционерите т.е. сопственицте на обични акции на Банката ги имаат следните права:

- право на учество и одллучување на Собранието на акционери на Банката;
- право на информирање за работењето на Банката;
- право на дивиденд;
- право на заштитан а правата од акционерство пред судовите и другите органи и институции;
- и други права утврдени со законски и подзаконски прописи

Стопанска банка а.д. Битола има издадено 390.977 обични акции со номинална вредност од 3.000,00 денари по акција.

14.5.3. Опис на дејствието кое треба да биде преземено за промена на правата на некое од правата на сопствениците на акции, при што ќе биде посочено дали условите за таквото дејствие се построги во однос на законот или не.

- Кога на Собранието на акционери на Банката се одлучува за прашања со кои се менува или ограничува кое било право врзано за некој род акции, се применуваат законските одредби од Законот за трговски друштва и со Статуот на Банката не се предвидени построги услови во однос на законската регулатива .

Одлуката со која се менува или ограничува кое било право врзано за некој род на акции се смета за полноважна ако акционерите кои го претставуваат соодветниот род на акции дадат согласност со донесување на одлука со мнозинство не помало од 2/3 од акциите претставени на Собранието на акционери на Банката. Оваа одлука во зависност од точките на дневен ред на Собранието на акционери на Банката, може да се донесе на истото Собрание со одвоено гласање на овие акционери или пак на посебно Собрание.

14.5.4. Опис на условите за свикување годишно собрание и вонредно собрание на акционери, вклучувајќи и податоци за начинот на кој акционерите го пријавуваат своето учество.

Годишното Собрание на акционери се свикува најдоцна три месеци по составување на

годишната сметка, на финансиските извештаи на годишниот извештај за работата на Банката во предходната деловна година, а не подоцна од шест месеци од завршување на календарската година или 14 месеци од одржување на последното годишно Собрание на акционери. Собрание помеѓу две годишни собранија (вонредно собрание) може да се свика кога тоа го бара интересот на Банката и на акционерите.

Право на присуство и учество во работата на седниците на Собранието на акционери и право на глас имаат акционерите кои се уредно запишани во акционерската книга.

Седница на Собранието на акционери на Банката свикува Надзорниот Одбор на Банката, согласно Закон.

Барање за свикување на Собранието на акционери во писмена форма можат да поднесат акционерите кои имаат најмалку 1/10 од акциите со право на глас. Во писменото барање акционерите треба да ги наведат целта и причините за свикување на Собранието и прашањата за кои Собранието ќе одлучува, своето име и презиме, местото на живеење и ЕМБГ, односно фирмата, седиштето и ЕМБС ако акционерот е правно лице. Акционерите кон барањето доставуаат и извод од акционерската книга издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите со право на глас коишто ги поседуваат во Банката.

Надзорниот Одбор во рок од осум дена од денот од приемот на барањето на акционерите за свикување Собрание, донесува одлука за прифаќање или за одбивање на барањето .

Во одлуката за одбивање на барањето мора да се наведат причините поради коишто е така одлучно.

Ако по барањето на акционери кои имаат мнозинство од сите акции со право на глас Надзорниот Одбор не свика Собрание во рок од 24 часа од денот на поднесувањето на барањето, акционерите можат да поднесат предлог за свикување Собрание до судот.

Собранието на Банката може да биде свикано со праќање на покана до акционерите или со објавување на јавен повик до акционерите, Начинот на свикување на Собранието се определува со Одлуката за свикување на Собрание.

Поканата се испраќа до сите акционери чиишто акции им даваат право на учество во работата на Собранието коешто се свикува на начин којшто овозможува да се потврди датумот кога е испратена и датумот кога е примена од секој акционер. Поканата се испраќа според изводот од акционерската книга, којшто не е постар од три дена до денот на испраќање на поканата.

Јавниот повик се објавува на половина страница во најмалку еден дневен весник што излегува на целата територија на Република Македонија. Содржината на јавниот повик се објавува на насловната страница од официјалната интернет страница на Банката и интернет страницата на Македонската берза на хартии од вредност.

Поканата, односно Јавниот повик за учество на Собранието на акционери на Банката ги содржи потребните податоци, и тоа:

1. Фирма и седиште на Банката;
2. Место, датум и час на одржување на Собранието;
3. Опис на постапките според кои акционерите учествуваат и гласаат на седница на Собранието, а особено во поглед на на правото за: (1) доставување на предлог за

дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред. (2) поставување на прашања за точките од дневниот ред, (3) овластување на полномошник и постапка за гласање преку полномошник;

4. Другите процедурални формалности што се од значење за присуството на Собранието и за начинот на гласањето;
5. Дневниот ред според кој ќе работи Собранието;
6. Начинот на кој што се достапни материјалите што се подготвени за Собранието на акционери кое што е свикано;
7. Адресата на интернет страницата на Банката на која ќе бидат достапни информациите во врска со вкупниот број на акции и вкупниот број на гласачки права кои произлегуваат од акциите со право на глас на денот на објава на повикот, документи и материјали кои ќе се разгледуваат на седницата на Собранието, предложените одлуки од акционерите, обрасците за гласање преку полномошник;
8. Други информации во зависност од точките на дневниот ред за собранието;

Рокот кој тече од денот на испаќање на поканата, односно на објавувањето на јавниот повик за учество на Собранието на акционери на Банката до денот на одржувањето на Собранието, не може да биде покус од 30 дена.

Материјалите за седницата на Собранието на акционери на Банката им се ставаат на располагање на акционерите од денот на испраќање на поканата, односно на објавувањето на јавниот повик, во времето и место определено од Банката и на интернет страницата на Банката.

Секој акционер кој има намера да учествува на свикано Собрание е должен да го пријави своето учество на Собранието (пријава за учество на Собранието) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание. Списокот на пријавените акционери се става на увид во седиштето на Банката. Пред почетокот на одржувањето на Собранието, се средува списокот на пријавените акционери според состојбата на акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност 48 часа пред одржувањето на седницата на Собранието на акционери Списокот пред почетокот на одржувањето на Собранието, го потпишува секој присутен акционер, односно полномошник на акционер со што го верификува своето присуство на Собранието (верификуван учесник на Собранието). Потпишаниот список, со свој потпис, го заверуваат претседавачот со Собранието и записничарот. По заверката на списокот претседавачот со Собранието го констатира кворумот за работа. Заверениот список им се дава на увид на сите учесници на Собранието пред првото гласање. Секој верификуван учесник на Собранието може да бара копија на потпишаниот список, на свој трошок кој што не може да биде поголем од вистинскиот трошок.

14.5.5 Опис на условите утврдени во Статутот или друг акт на издавачот со кои се регулира промената на основната главнина, кога тие услови се построги од оние пропишани со закон.

Согласно Статутот на Стопанска Банка а.д. Битола и Законот за трговски друштва, основната главнина на Банката може да се зголеми:

- со влогови;
- со условно зголемување на основната главнина;
- со одобрен капитал
- од средствата на Банката.

Зголемување на основната главнина се врши со одлука што ја донесува Собранието на акционери на Банка. Одлуката за согласност се донесува со мнозинство не помало од 2/3 од акциите претставени на Собранието.

Намалување на основната главнина на Банката се врши преку:
- намалување на номиналниот износ на акциите;
- спојување на акции и
- повлекување на сопствени и на други акции.

Намалување на почетниот капитал се врши со Одлука што ја донесува Собранието на акционери на Банката. Одлуката за согласност се донесува со мнозинство не помало од 2/3 од акциите претставени на Собранието.

Со статутот на Банката не се предвидени построги услови во однос на законската регулатива.

## 15. ДОГОВОРИ ОД СУШТИНСКО ЗНАЧЕЊЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ИЗДАВАЧОТ

Податоци за секој договор (надвор од секојдневното работење на издавачот) кој е од суштинско значење за работењето на издавачот, а во кој како договорна страна се јавува издавачот или друг член на групата (ако издавачот е дел од групата), за последните две години кои му предходат за изготвување на проспектот.

- Не постои договор, надвор од секојдневното работење на Банката, кој е од суштинско значење за работењето, а во кој како договорна страна се јавува Стопанска Банка а.д. Битола.

## 16. ИНФОРМАЦИИ ДОБИЕНИ ОД ТРЕТИ ЛИЦА И ИЗВЕШТАИ ОД ЕКСПЕРТИ И ИЗЈАВА ЗА БИЛО КАКОВ ИНТЕРЕС

16.1. Кога во проспектот е вклучен извештај од трето лице-експерт, да се наведат податоци за тоа лице и тоа: име и презиме, деловна адреса, квалификации и податок дали лицето има материјален интерес кај издавачот. Податок во кој контекс и во која форма се употребува извештајот на тоа лице и соголасност на лицето кое ја потврдило содржината од тој дел од проспектот.

- Во Проспектот не е вклучен извештај од трето лице-експерт.

16.2. Кога изворот на определена информација е некое трето лице, потребно е да се обезбеди потврда дека таа информација е точна и прецизно репродуцирана и дека согласно можностите и сознанијата на издавачот не е прикриен ниту еден факт кој не би ги направил репродуцираните информации нецелосни и неточни. Да се наведе изворот на информациите.

- Во Проспектот не е вклучен извештај од трето лице-експерт.

## 17. ПОДАТОЦИ ЗА ПОНУДАТА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

17.1. Причини за понудата и намена на средства што ќе се приберат со понудата.

- Со реализација на издавањто на корпоративната обврзница, Банката ќе го зголеми дополнителниот капитал, а истовремено и ќе постигне зајакнување на сопствените



СТОПАНСКА Б... БИТОЛА

средства во противвредност од 5.000.000 ЕУР во наредните пет години, со што Банката планира да ги оствари планираните бизнис цели утврдени во Деловната политика, развојниот и финансиски план за периодот 2016-2020 година.

17.2. Општи податоци за хартии од вредност

17.2.1. Бројот и датумот на актот за издавање на должнички хартии од вредност .

- Одлука од Собрание на акционери на Стопанска банка а.д. Битола за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност по пат на јавна понуда, бр. 02-8173/1/II-14 од 11.05.2016 година, Одлуката на Управниот одбор за утврдување на минимална почетна цена и годишна каматна стапка бр. 02-9316/1/II-18 од 31.05.2016 година, Одлуката на Управниот одбор за измена на Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на минимална почетна цена и годишна каматна стапка бр. 02-11634/1/I-5 од 30.06.2016 година и Одлуката на Управниот одбор бр. 02-11393/1/II-28 од 28.06.2016 година.

17.2.2. Податоци за согласностите и одобренијата врз основа на кои хартиите од вредност ќе бидат продадени.

- Продажбата на корпоративната обврзница е одобрена со Одлуката од Собрание на акционери на Стопанска банка - а.д. Битола, бр. 02-8173/1/II-14 од 11.05.2016 година.
  Продажбата на корпоративната обврзница е одобрена со Решение од Комисијата за хартии од вредност бр. УП 1 број 10-60 од 08.07.2016 година.

17.2.3. Бројот на хартии од вредност што се издаваат и номиналната вредност на хартиите од вредност (поединечна и вкупна номинална вредност на емисијата)

- Предмет на јавна понуда е обврзница со вкупна номинална вредност од 5.000.000 ЕВРА (пет милиони евра), поделена на 5.000.000 обврзници со номинална вредност од 1 ЕВРО.

17.2.4. Закони врз основа на кои се продаваат хартиите од вредност.

- Обврзницата се продава согласно Законот за хартии од вредност, Законот за Банки и Законот за трговски друштва, а во согласност со член 17 од Одлуката за методологија за утврдување на адекватност на капиталот.

17.2.5 Назив и адреса на субјектот каде што се регистрираат хартиите од вредност

- Доколку исходот од продажба на коропративната обврзница преку јавна понуда е успешен т.е. ако минимално 60% од понудените обврзници се продадени, ќе се регистрираат кај Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје-ЦДХВ со седиште на Бул. Кузман Јосифовски Питу бр. 1, 1000 Скопје, Република Македонија.

17.2.6. Времето и начинот на предавањето на хартиите од вредност за регистрирање кај овластен депозитар.

- Доколку исходот од продажба на корпоративната обврзница преку јавна понуда е успешен т.е. ако минимално 60% од понудените обврзници се продадени во предвидениот рок од 3 месеци, Банката доставува известување за продадени хартии од вредност до Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје и до Комисијата за хартии од вредност. Во рок од 2 (два) дена од доставеното известување за продадени хартии од вредност, Централниот депозитар за хартии од вредност врши порамнување на трансакциите кои биле склучени на Македонската берза.

17.2.7. Податоци за оданочувањето на приходите од хартии од вредност

- **Даночен обврзник**

***Правно лице (субјект)*** – Резидент на Република Македонија кој остварува добивка од вршењето на дејност во земјата и странство. Резидент е субјект кој е основан или има седиште на територијата на Република Македонија.
Обврзник на данокот на добивка е и постојана деловна единица на странско лице за добивката што ја остварува од вршење на дејност на територијата на Република Македонија.
**Даночна основа**
Даночна основа за пресметување на данокот на добивка претставува оданочивата добивка која се утврдува од сметководствената бруто добивка остварена според прописите за сметководство и сметководствените стандарди (како разлика меѓу вкупните приходи и вкупните расходи) зголемена за непризнаените расходи.
Приходот од каматите на корпоративната обврзница влегува во даночната основа за пресметка на данокот од добивка.
**Даночна стапка**
од 01.01.2008 година - даночната стапка е 10%.
***За физички лица***
**Даночен обврзник**
Согласно член 7 од Законот за персонален данок на доход, обврзник на данокот на доход е секое физичко лице резидент на Република Македонија за доходот што го остварува во земјата и во странство. Резидент во смисла на овој закон е физичко лице кое на територијата на Републиката има постојано живеалиште или престојувалиште. Резидентот има престојувалиште ако на територијата на Републиката престојува непрекинато или со прекини 183 или повеќе дена во кој било 12 месечен период.
**Даночна основа**
Согласно член 47 од Законот за персонален данок на доход, приходите од камата на корпоративна обврзница влегуваат во приходи од капитал, а основа за пресметување на данокот на доход на приходите од камата по обврзница, претставува износот на пресметаната камата.
**Даночна стапка**
од 01.01 2008 година - стапката изнесува 10%
***За остварена капитална добивка***
Под капитална добивка се подразбира приходот што обврзникот го остварува од продажба на хартии од вредност. Основа на данокот на доход за капитални добивки претставува разликата меѓу продажната цена на хартиите од вредност и куповната (набавната) цена. Капитална добивка остварена со продажба на хартии од вредност се внесува во даночната основа во висина од 70% од разликата.
Одредбите од Законот за персоналниот данок на доход кои се однесуваат на оданочувањето на капиталните добивки остварени од продажба на хартии од вредност, нема да се применуваат од 1 јануари 2013 година до 31 декември 2018 година.

**17.3. Податоци за должничките хартии од вредност**

17.3.1. Опис на видот и класата на хартии од вредност кои се издаваат, вклучувајќи и ИСИН број за хартијата од вредност, доколку таков постои;

- Вид на хартии: Должнички хартии од вредност- купонска обврзници
- Висина на каматната стапка: 4,10% годишна каматна стапка.
- Вкупна номинална вредност: 5.000.000 ЕВРА (пет милиони евра).
- Номиналната вредност на 1 (една) обврзница: 1 (едно) ЕВРО.
- Емисија: Прва емисија на обврзници.
- Преносливост: Обврзниците се преносливи.
- Конвертибилност: Обврзниците се неконвертибилни.
- ИСИН број: Не постои.

17.3.2. Серија на хартиите од вредност;

- Обврзниците се издаваат во една серија

17.3.3. Валута на која гласат хартиите од вредност (доколку хартиите од вредност се деноминирани во странска валута - се наведува курсот по кој ќе се пресметува денарската противвредност);

- Обврзниците гласат во ЕВРА, а каматата и главницата ќе се пресметуваат по среден курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на пресметка.

17.3.4. Рангирање на хартијата од вредност што е предмет на јавната понуда, вклучувајќи и податоци за клаузулите кои имаат влијание на рангирањето или ги субординираат хартиите од вредност на одредени сегашни или идни обврски на издавачот;

- Обврзниците кои се предмет на издавање се субординирани и содржат клаузула за субординација односно клаузула според која во случај на стечај или ликвидација на банката, обврските по основ на издадената обврзница ќе бидат исплатени пред намирување на обврските на акционерите на банката и носителите на хибридни инструменти, но по намирување на обврските кон останатите доверители.

17.3.5. Опис на правата кои произлегуваат од хартиите од вредност, било какви ограничувања на правата и начинот на кој се остваруваат тие права;

- Обврзницата се издава врз основа на законската регулатива во Република Македонија.

Обврзницата се издава во нематеријализиран облик.

<u>Права од обврзницата.</u>

Обврзницата гласи на име. Иматалот на обврзницата се стекнува со право на камата и право на номинална вредност на обврзницата. Исплатата на каматата ќе се врши на годишно ниво. Исплатата на номиналната вредност на обврзницата и последната камата ќе се врши на денот на доспевање на обврзницата. Иматалот на обврзницата нема право од издавачот да бара исплата на правата од обврзницата пред рокот на нивно доспевање.

Обврзниците неможе да бидат исплатени или откупени од страна на банката, пред рокот на досттасување.

Исплатата на каматите и главницата на обврзницата се во денари;

Главницата ќе се исплати во целосен износ заедно со последната исплата на камата, односно по истекот на 5 (пет) години и 3 (три) месеци од датумот на настанатиот прилив на парични средства во банката.

Во случај на доцнење на исплата на каматата, односно главнината на обврзницата, после истекот на роковите, Банката се обврува да им плати на имателите законска казнена камата.

Обврзниците кои е предмет на оваа јавна понуда не се конвертираат во обични акции ниту во хибридни инструменти, односно не даваат право на замена во друг инструмент на банката согласно Одлуката на Управниот одбор бр. 02-11393/1/II-28 -28.06.2016 година година.

Обрзниците кои се предмет на издавање не може да се користат како обезбедување на побарувањата и потенцијални обврски на банката.

Обрзниците кои се предмет на издавање ќе можат да се користат за покривање на загубите во случај на стечај или ликвидација на банката

Во случај на нови емисии на долгорочни должнички хартии од вредност, оваа обврзница ќе има приоритет на исплата.

Обврзницата не е гарантирана, односно не е покриена со друг вид обезбедувања од страна на банката или лице поврзано со банката.

Содржат одредба според која како субординиран инструмент немаат третман на депозит (штеден влог) и не е предмет на осигурување од страна на Фондот за осигурување на депозити

<u>Начинот на остварување на правата од обврзницата.</u>

Исплатата на каматата и главницата ќе се врши на сметка на имателот на обврзницата. Секој сопственик на обврзницата мора да обезбеди во Централниот Депозитар за хартии од вредност (ЦДХВ) банкарска сметка на која ќе се врши преносот на средствата на име на доспеани обврски од обврзницата. Податоците и информациите за сопственикот на обврзницата, запишани во ЦДХВ, мора да ги содржат сите елементи кои на издавачот му овозможуваат да ги пренесе средствата на име на доспеани обврски од обврзницата на определена банка и соодветна сметка на сопственикот на обврзниците.

За сопственик на обврзницата, на денот на доспевање на одделна обврска од обврзницата, се смета лице во чија корист е книжена обврзницата во Централниот Депозитар за хартии од вредност, три работни дена пред денот на доспевање на секоја одделна обврска.

Правата на сопственост од обврзницата настануваат со запишување на хартијата од вредност како електронски запис на сметката на сопственикот во Централниот Депозитар за хартии од вредност (ЦДХВ). Со обврзницата располагаат имателите на обврзниците (сопственик на обврзницата). Имателите на обврзницата имаат право на располагање со обврзницата согласно законската регулатива која го регулира работењето со хартии од вредност во Република Македонија.

Обврзницата не е осигурана и не е гарантирана. За обврските кои произлегуваат од обврзницата гарантира издавачот на обврзницата со целокупниот свој имот.

Обврзницата не дава право на учество во добивката на издавачот. Имателот на обврзницата нема право да ја отповика обврзницата пред нејзино доспевање. Имателот на обврзницата нема право од издавачот да бара исплата на правата од обврзницата пред рокот на нивното доспевање.

17.3.6. Висина на каматната стапка, начин на пресметување и исплата на истата;

- Датуми за исплата на камата (датум на почеток и датум на завршување на периодот во кој ќе се исплаќа каматата) и
- Краен рок до кога може да се наплатат каматите и главницата

- Висина на каматната стапка: фиксна годишна каматна стапка од 4,10%.

Каматата се пресметува на номиналната вредност на обврзницата на денот на доспевање на каматата со примена на пропорционална метода (со примена на календарски број на денови во годината). Каматата се пресметува на тој начин што каматната стапка се множи со номиналната вредност на обврзницата, при што се употребува реален број на денови од каматниот период и реален број на денови во годината. Каматата се заокружува на две децимали.

Датуми за исплата на каматата

(датум на почеток и датум на завршување на периодот во кој ќе се исплаќа каматата)

Каматата се исплаќа еднаш годишно и тоа:

Камата за првата година

Пресметката на каматата за ПРВАТА година ќе се изврши по истекот на првата година од денот на нивното запишување во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, со примена на календарски број на денови во годината;

Камата за втората година

Пресметката на каматата за ВТОРАТА година ќе се изврши по истекот на 2 (две) години од денот на нивното запишување во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, со примена на календарски број на денови во годината;

Камта за третата година

Пресметката на каматата за ТРЕТАТА година ќе се изврши по истекот на 3 (три) години од денот на нивното запишување во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, со примена на календарски број на денови во годината;

Камата за четвртата година

Пресметката на каматата за ЧЕТВРТАТА година ќе се изврши по истекот на 4 (четери) години од денот на нивното запишување во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, со примена на календарски број на денови во годината;

Камата за петата година

Пресметката на каматата за ПЕТАТА година ќе се изврши по истекот на 5 (пет) години и 3 (три) месеци од денот на нивното запишување во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, со примена на календарски број на денови во годината.

Исплатата на каматата ќе се врши првиот работен ден по извршената пресметка. Пресметката ќе се врши во ЕВРА, а исплатата ќе се врши во денарска противредност по среден курс на НБРМ на денот пресметка.

Краен рок до кога може да се наплатат каматите и главницата

Каматата и главницата се отплаќа во период од 5 (пет) години и 3 (три) месеци;

Услови за исплата на каматата

Исплатата на каматата ќе се врши во корист на сметките на сопствениците на обврзницата.

Издавачот, обврските од обврзницата ќе ги исплатува врз основа на евиденција за сопственост во ЦДХВ на сметките на евидентираните сопственици на обврзницата, односно на нивните овластени лица на денот на доспеаност на одделната обврска.

За сопственик на обврзницата, на денот на доспевање на одделна обврска од обврзницата, се смета лице во чија корист е книжена обврзницата во ЦДХВ, три работни дена пред



БИТОЛА
4

денот на доспеаност на одделната обврска.

Бидејќи обврзницата не е издадена во материјализирана форма и е запишана во нематеријализирана форма во ЦДХВ, секој сопственик на обврзницата мора да обезбеди во истиот Депозитар да биде запишана банкарска сметка на која ќе се пренесуваат средствата на име на доспеани обврски од обврзниците. Податоците и информациите за сопственикот на обврзницата, запишана во ЦДХВ, мора да ги содржат сите елементи кои на издавачот му овозможуваат да ги пренесе средствата на име на доспеани обврски од обврзницата на определена банка и соодветна сметка во таа банка.

Ако сопственикот на обврзницата на денот на доспевање на побарувањата на име на обврзницата не добие средства на својата сметка, тој мора за тоа веднаш да го извести издавачот и да му ги соопшти податоците за правилната сметка, односно други соодветни подаоци кои на издавачот му овозможуваат уплата на сметка на сопственикот на обврзниците. За средствата на име на доспеани обврски од обврзницата, во случај на нецелосни податоци за сопственикот кои на издавачот не му овозможуваат да ги уплати средствата на име на доспеани обврски од обврзницата, на начинот кои е определен согласно овој проспект, или на друг начин, кои ќе го определи издавачот согласно со прописите, од денот на доспеаноста на обврзницата, не се пресметува камата.

Исплатата на каматата ќе се врши годишно, сметано од денот на упис на сопственоста на хартиите од вредност во ЦДХВ.

Номиналната вредност на главницата доспева за исплата во целост на датумот на доспевање на обврзницата.

17.3.7. Рок на доспевање и амортизационен план на должничката хартија од вредност, вклучувајќи ја и постапката за отплата;

Главницата ќе се исплати во целосен износ заедно со последната исплата на камата, односно по истекот на 5 (пет) години и 3 (три) месеци од датумот на настанатиот прилив на парични средства во банката.

Амортизационен план на обврзницата

| | Датум на доспевање | Број на денови за пресметка на каматата | Број на обврзници* | Каматна стапка | Неисплатен износ на главницата | Исплата на камата | Главница + камата | Исплата на главница |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | % | ЕВРА | ЕВРА | ЕВРА | ЕВРА |
| | | | | | | | | |
| Прва година | 01.11.2017 | 365 | 5.000.000 | 4,10 | 5.000.000 | 205.000 | 5.205.000 | 0 |
| Втора година | 01.11.2018 | 365 | 5.000.000 | 4,10 | 5.000.000 | 205.000 | 5.410.000 | 0 |
| Трета година | 01.11.2019 | 365 | 5.000.000 | 4,10 | 5.000.000 | 205.000 | 5.615.000 | 0 |
| Четврта година | 01.11.2020 | 365 | 5.000.000 | 4,10 | 5.000.000 | 205.000 | 5.820.000 | 0 |
| Петта година и три | 01.02.2022 | 457 | 5.000.000 | 4,10 | 0 | 256.671 | 6.076.671 | 5.000.000 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| месеци | | | | | | | | |
| **Вкупно за исплата** | | | | | **0** | **1.076.671** | **6.076.671** | **5.000.000** |

***Во случај да бидат запишани 100% од издадените обврзници***

17.3.8. Висина на основната главнина на издавачот и процентот на учество на емисијата на должнички хартии од вредност во основната главнина и во главнината;

- Основна главнина на издавачот: 1.172.931.00 денари

  Процент на учество на емисијата: 26,30%

17.3.9. Извори на средства од каде што ќе бидат отплаќани должничките хартии од вредност;

- Обврските по обврзницата ќе се исплаќаат од сопствени средства на Банката и од наплата на побарувања на Банката по основ на редовното работење.

17.3.10. Ограничувања кои ги носат хартиите од вредност, а кои служат за заштита на идните купувачи на хартии од вредност.

- Ограничувањата кои ги носи обврзницата за заштита на идните купувачи се подетално опишани во точите 17.3.4 и 17.3.5 од овој Проспект.

17.3.11. Опис на ограничувањата на трансферабилноста на хартиите од вредност, доколку има ограничувања.

- Не постојат ограничувања кои ги носат хартиите од врдност, односно слободно може да се тргуваат и трансферираат на секундарен пазар.

17.3.12. Доколку се издаваат конвертибилни должнички хартии од вредност, потребно е да се дадат податоци за типот на хартиите од вредност во кои се конвертираат, како и условите и процедурите за конверзијата.

- Обврзниците кои е предмет на оваа јавна понуда не се конвертираат во обични акции ниту во хибридни инструменти, односно не даваат право на замена во друг инструмент на банката согласно Одлуката на Управниот одбор бр. 02-11393/1/II-28 од 28.06.2016 година.

## 18. РОКОВИ И УСЛОВИ НА ПОНУДАТА

18.1. Цена на хартиите од вредност

18.1.1. Цената по која хартиите од вредност ќе бидат понудени, како и начинот на утврдување на цената согласно правилата на овластената берза, преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност, со која издавачот за тоа склучил договор.

- Почетната цената по која купувчите ќе ги запишат и уплатат обврзниците изнесува 100% од номиналната вредност. Почетната цена ќе биде 1 (едно) ЕВРО за 1 (една) обврзница пресметано по среден курс на НБРМ (заокружено на две децимали) на денот на уплатата преку Македонската Берза за хартии од вредност АД Скопје.

  Продажбата ќе се врши по пат на јавна понуда согласно Правилата за тргување на Македонската Берза за хартии од вредност АД Скопје, Анекс 3 согласно моделот на одредување на минимална цена, при што приоритет ќе се дава на налози со повисока цена, поголема количина и порано време на внес на налогот.

  Обврзницата не содржи право на првенствено купување на ниту една категорија на инвеститор.

  Во поглед на секундарното тргување (по издавањето) цената на обврзниците се изразуваат како процент во номинална вредност без акумулираната камата.

При тргувањето со обврзниците, освен цената изразена како процент од номиналната вредност, купувачот на обврзниците е должен на продавачот на обврзниците да му ја плати акумулираната, но сеуште ненаплатена камата, пресметана до денот на тргување, согласно условите за пресметка на камата наведени во проспектот за издавање. Пресметката на акумулираната камата ја врши овластен депозитар.

18.1.2. Податок за трошоците односно провизиите кои паѓаат на товар на запишувачот односно купувачот.

- При купување на обврзници по пат на јавна понуда, купувачот подлежи на трошоци кои ги плаќа во свое име и за своја сметка како и во свое име и за сметка на институциите на пазарот на капитал согласно нивните важечки тарифи.

18.2. Услови, рокови и потребни дејствија за запишување и уплата на хартии од вредност предмет на понудата утврдени согласно правилата на овластена берза, преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност, со која издавачот за тоа склучил договор и правилата на овластен депозитар каде се регистрирани хартии од вредност на издавачот.

18.2.1. Вкупна вредност на понудата

- Вкупна минимална продажна вредност на јавната понуда изнесува 5.000.000 ЕВРА во денарска противредност, пресметана по среден курс на НБРМ на денот на уплатата.

18.2.2. Временски период во кој понудата ќе биде отворена датум на започнување на рокот за запишување (ден,месец, година); датум на завршување на рокот за запишување (ден,месец, година), датум на започнување на рокот за уплата (ден,месец, година), датум на завршување на рокот за уплата (ден,месец, година) и опис на постапката на запишување и уплата на хартии од вредност.

- Рок за започнување на јавната понуда: најдоцна во рок од 30 календарски дена од денот на приемот на одобрението за продажба на корпоративните обврзници од страна на Комисијата за хартии од вредност.

Банката ќе објави Покана за продавање на хартии од вредност на македонски јазик и негово кирилско писмо во еден од дневните весници што излегуваат на територија на РМ на ден 18.07.2016 година.

Истовремено, Банката ќе ги објави Проспектот и Поканата за продавање на обврзниците на нејзината интернет страна, како и на интернет страната на Македонска Берза.

Датумот за започнување на рокот за запишување и уплата на обврзниците е 14 календарски дена по објава на Поканата за продавање на корпоративните обврзници, односно на ден 01.08.2016 година.

Датумот на завршување на рокот за запишување и уплата на обврзниците е 3 месеци од денот на започнување на запишување и уплата, односно на ден 01.11.2016 година.

Купувањето на јавно понудените обврзници ќе се врши преку Македонска Берза на хартии од вредност АД Скопје, ул. Орце Николов бр. 75, 1000 Скопје. (тел. 023122055) - овластена берза со која Стопанска Банка АД Битола склучи договор, заведен кај издавачот под бр. 03-9485/1 од 02.06.2016 година и заведен кај Македонската Берза под бр. 03-761/1 од 01.06.2016 година.

Во продолжение се дадени податоци за овластените правни лица - членки на Макадонската Берза на хартии од вредност АД Скопје и Централен Депозитар за хартии од вредност преку кој заинтересираните лица ќе можат да купат обврзници по пат на јавна понуда:

| членка | адреса | град | телефон |
|---|---|---|---|
| Еуростандард банка АД Скопје | Никола Кључев бр 2 | Скопје | 3224300 ; 3140210; 3140211 |
| Еурохаус АД Скопје | бул. Св. Климент Охридски бр.52-а, влез 1, кат 2, број 5 (зградата Аркадија) | Скопје | +389(2) 3217-095; +389(2) 3217-107; +389(2) 3217-036; +389(2) 3217-093 |
| Илирика Инвестментс АД Скопје | булевар Св. Климент Охридски бр.45 кат 1 локал 8 | Скопје | +389(2)3296853; +389(2)3296854; +389(2)3296856 |
| Инвестброкер АД Скопје | ул. Истарска бр.33 | Скопје | +389(2)3110290; +389(2)3110280; +389(2)3103293 |
| Иново Брокер АД Скопје | Бул.Теодосиј Гологанов бр.60/1-4 | Скопје | +389(2)3120941 |
| Комерцијална банка АД Скопје | Орце Николов бр.3 | Скопје | +389(2)3247440; +389(2)3247431; +389(2)3168321; +389(2)3247432; +389(2)3168328 |
| НЛБ Тутунска банка АД Скопје | ул.Водњанска бр.1 | Скопје | +389(2)5100354; +389(2)5100352; +389(2)5100357; +389(2)5100387; 39680607078 |
| Стопанска банка АД Скопје | бул.11 Октомври бр.7 | Скопје | +389(2)3295405; +389(2)3295406; +389(2)3295407 |
| ТТК банка АД Скопје | ул. Народен Фронт б.19а, Скопје | Скопје | +389(2)3247000; локал 495, 496, 497 |
| Фершпед брокер АД Скопје | ул. Македонија бр.11А | Скопје | +389(2)3219333; +389(2)3219310; +389(2)3219470; +389(2)3219472; +389(2)3219479 |

Продажбата на обврзниците по пат на јавна понуда ќе се реализира преку Македонската берза согласно моделот на определување минимална цена, при што приоритет се дава на налози со повисока цена, поголема количина и порано време на внес на налогот.

При запишувањето секој купувач треба да пополни изјава (уписница), која се дава истовремено со давање на налог за купување на хартии од вредност од јавната понуда кај овластен учесник на пазарот на хартии од вредност - членка на овластената берза и овластениот депозитар и истата има правна важност од моментот на реализација на налогот за купување.

18.2.3. Процентот на успешност односно процентот на запишување и уплата на хартии од вредност за да јавната понуда се смета за успешна

- Продажбата ќе се смета за успешно завршена ако во дадениот рок (рок за реализација на продажбата на обврзниците по пат на јавна понуда е 3 месеци од денот на започнување на продажбата), најмалку 60% од понудените обврзници во Проспектот се продадени.

18.2.4. Услови за затворање на јавната понуда.

- Банката ја затвора постапката на јавната понуда по завршување на предвидениот рок од 3 месеци од денот на започнување на запишување и уплата на обврзниците.

Доколку, пред истекот на рокот за продажба на обврзниците, се продадат и уплатат 100% од понудените обврзници, Банката ќе ја прекине постапката и преку соопштение за успешно реализирана јавна понуда ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност и јавноста.

18.2.5. Опис на условите под кои јавната понуда може да се прогласи за неуспешна и начинот на кој ќе им бидат вратени средствата на инвеститорите.

- Доколку во дадениот рок (рок за реализација на продажбата на обврзниците по пат на јавна понуда е 3 месеци од денот на започнување на продажбата) не се продадат најмалку 60% од понудените обврзници во Проспектот, Стопанска банка а.д. Битола ќе ја прогласи Јавната понуда за неуспешна. По утврдување на неуспешност на јавната понуда, уплатените средства по основ на јавната понуда, зголемени за депозитна камата утврдена согласно член 2 став 1 точка 12 од Законот за хартии од вредност, се враќаат на купувачите најдоцна во рок од осум дена од денот за објавување на неуспешност на јавната понуда.

18.2.6. Постапка за распределба на хартиите од вредност во случај да бидат запишани и/или уплатени повеќе хартии од вредност од понудените.

- Продажбата на обврзниците по пат на јавна понуда ќе се реализира преку Македонска берза согласно моделот на одредување минимална цена, при што приоритет се дава на налози со повисока цена, поголема количина и порано време на внес на налогот во БЕСТ системот. На тој начин не постои можност за продажба на повеќе обврзници од понудените обврзници. Во случај да клиентот дал налог, а налогот не се реализирал, тогаш повеќе уплатените средства се враќаат на клиентот на дневна основа.

18.2.7. Доколку во актот за издавање на хартии од вредност е предвидено хартиите од вредност да се продаваат во лотови се наведуваат податоците за најмалиот и /или најголемиот износ кој може да се запише и уплати

- Не е предвидено запишување и уплата во лотови.

18.2.8. Начин на плаќање на хартиите од вредност



БИТОЛА

Обврзниците се уплатуваат во пари. Плаќањето на обврзниците се врши во денари и согласно законската и подзаконската регулатива и правилата на Македонска берза на хартии од вредност и правилата на Централен Депозитар за хартии од вредност.

Уплатата се врши наеднаш. Средствата за купување на обврзниците купувачите ги уплатуваат на сметките на овластените правни лица - членки на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје. Членките, уплатените средства за купување на обврзници по пат на јавна понуда, на дневна основа ги пренесуваат на посебна сметка во Стопанска банка а.д. Битола отворена за таа намена со број 500-0000000017-73 на која се чуваат сите уплати од купувачите до завршувањето на јавната понуда.

Во случај на каснење на плаќањето Стопанска Банка а.д. Битола, ќе плати законска затезна камата на пресметаните, а неисплатени износи по основ на камата и главница, за периодот од доспевање за исплата до денот на стварна исплата.

18.2.9. Начин и време на настанување на правата од хартиите од вредност.

- Правата од хартиите од вредност, предмет на јавната понуда настануваат по завршувањето на јавната понуда т.е. после порамнувањето преку Централен Депозитар за хартии од вредност, правата од хартиите од вредност настануваат по евидентирањето од страна на депозитарот на настанатата промена на сопственоста.

18.2.10. Начин и време на известување за исходот на јавната понуда.

- Стопанска банка а.д Битола најдоцна во рок од 15 календарски дена од денот на завршувањето на јавната понуда ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност за процентот на реализација на јавната понуда. Стопанска банка а.д. Битола најдоцна во рок од 15 календарски дена од денот на завршувањето на јавната понуда ќе ја извести јавноста за процентот на реализација на јавната понуда преку објава во еден дневен весник кој излегува на целата територија на РМ на македонски јазик и на негово кирилско писмо. Објавата за исходот на јавната понуда ќе биде објавена на интернет страната на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје и на интернет страната на Банката.

18.2.11. Доколку, согласно одлуката за издавање на обврзниците понудата е поделена во транши односно е сегментирана на делови резервирани за одделни групи на инвеститори, проспектот ги содржи следниве податоци.

- Јавната понуда не е поделена на транши.

18.2.11.1. Поделба на понудата на делови кои опфаќаат определен број на хартии од вредност вклучувајќи делови наменети за институционални инвеститори, делови наменети за мали инвеститори и други делови на кои е поделена понудата.

- Јавната понуда не е поделена на делови.

18.2.11.2. Начинот на распределба во рамките на деловите од понудата во случај доколку има повеќе запишани или платени хартии од вредност.

- Јавната понуда не е поделена на делови.

18.2.11.3. Временски редослед на реализирање и времетраење на траншите односно деловите резервирани за одделни групи на инвестиоти во рамките на рокот за реализација на јавната понуда.

- Јавната понуда не е поделена на делови.

18.2.12 Во рамките на сознанијата на издавачот дали доминантните акционери кај издавачот или

членовите на Управниот и Надзорниот Одбор односно Одборот на директори или на другите органи на издавачот имаат намера да запишат од понудените хартии од вредност или некое друго лице има намера да запише повеќе од 5% од јавната понуда.

- Издавачот нема сознание дали доминантните акционери кај издавачот или членовите на Управниот и Надзорниот Одбор или другите органи на издавачот или некое друго лице имаат намера да запишат од понудените хартии од вредност или некое друго лице има намера да запише повеќе од 5% од понудените обврзници т.е. од јавната понуда.

18.2.13 Процес на известување на лицата кои запишале и уплатиле хартии од вредност за износот кој им следува.

- Овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност преку кој се врши купувањето на хартии од вредност, на лицата кои купиле хартии од вредност треба да им достави извештај за склучување на транскацијата во рок од два дена по денот на склучувањето. Доставата на извештајот се врши на начин договорен со клиентот.

18.3. Пласман на хартиите од вредност

18.3.1. Податоци (назив, седиште, адреса и телефонски број) за овластената берза, преку која ќе се врши запишувањето на јавно понуденти хартии од вредност со која издавачот за тоа склучил договор и за овластените правни лица - членки на овластената берза и овластениот депозитар и времето во кое заинтересираните лица ќе може да купат хартии од вредност

- Купувањето на јавно понудените обврзници ќе се врши преку Македонската Берза на хартии од вредност АД Скопје, ул. Орце Николов бр. 75, 1000 Скопје. (тел. 023122055) - овластена берза со која Стопанска Банка а.д.Битола склучи договор, заведен кај издавачот под бр. 03-9485/1 од 02.06.2016 година и заведен кај Македонската Берза под бр. 03-761/1 од 01.06.2016 година. Во продолжение се дадени податоци за овластените правни лица - членки на Макадонската Берза на хартии од вредност АД Скопје и Централен Депозитар за хартии од вредност преку кој заинтересираните лица ќе можат да купат обврзници по пат на јавна понуда:

| членка | адреса | град | телефон |
|---|---|---|---|
| Еуростандард банка АД Скопје | Никола Кљусев бр 2 | Скопје | 3224300 ; 3140210; 3140211 |
| Еурохаус АД Скопје | бул. Св. Климент Охридски бр.52-а, влез 1, кат 2, број 5 (зградата Аркадија) | Скопје | +389(2) 3217-095; +389(2) 3217-107; +389(2) 3217-036; +389(2) 3217-093 |
| Илирика Инвестментс АД Скопје | булевар Св. Климент Охридски бр.45 кат 1 локал 8 | Скопје | +389(2)3296853; +389(2)3296854; +389(2)3296856 |
| Инвестброкер АД Скопје | ул. Истарска бр.33 | Скопје | +389(2)3110290; +389(2)3110280; +389(2)3103293 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Иново Брокер АД Скопје | Бул.Теодосиј Гологанов бр.60/1-4 | Скопје | +389(2)3120941 |
| Комерцијална банка АД Скопје | Орце Николов бр.3 | Скопје | +389(2)3247440; +389(2)3247431; +389(2)3168321; +389(2)3247432; +389(2)3168328 |
| НЛБ Тутунска банка АД Скопје | ул.Водњанска бр.1 | Скопје | +389(2)5100354; +389(2)5100352; +389(2)5100357; +389(2)5100387; 39680607078 |
| Стопанска банка АД Скопје | бул.11 Октомври бр.7 | Скопје | +389(2)3295405; +389(2)3295406; +389(2)3295407 |
| ТТК банка АД Скопје | ул. Народен Фронт б.19а, Скопје | Скопје | +389(2)3247000; локал 495, 496, 497 |
| Фершпед брокер АД Скопје | ул. Македонија бр.11А | Скопје | +389(2)3219333; +389(2)3219310; +389(2)3219470; +389(2)3219472; +389(2)3219479 |

18.3.2. Податок дали издавачот склучил договор со овластеното правно лице за вршење услуги со хартии од вредност за вршење трансакции и активности за смстка на издавачот потребни за успешна јавна понуда на хартии од вредност со задолжителен откуп на непродадените хариии од вредност или без задолжителен откуп на непродадените хариии од вредност. Доколку обврската за задолжителен откуп не се однесува на целата емисија да се даде изјава за делот од емисијата кој не е покриен.

- Стопанска банка а.д. Битола не склучила договор со овластеното правно лице за вршење услуги со хартии од вредност за вршење на трансакции и активности за сметка на издавачот потребни за успешна јавна понуда на хартии од вредност или без задолжителен откуп на непродадените хартии од вредност.

## 19. ПРИЕМ НА КОТАЦИЈА

Податокот за тоа дали и кога издавачот ќе побара прием на котација на хартиите од вредност на овластената берза

- Акциите издадени од Стопанска банка а.д. Битола се котирани на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје на Официјалниот Пазар во подсегментот Берзанска котација и Банката редовно известува за секоја настаната промена согласно Правилата за котација донесени од Македонската Берза на хартии од вредност АД Скопје.

Согласно член 8 став 3 од Правилата за котација на Македонската Берза АД Скопје

долгорочните должнички хартии од вредност од издавачите чии акции веќе котираат на Официјалниот пазар на Македонската берза се внесуваат на котација по доставувањето на Проспектот за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност одобрен од Комисијата за хартии од вредност.

## 20. ПОДАТОЦИ ЗА ГАРАНТОТ

- Проспектот нема гарант и се однесува на продажба на корпоративна обврзница по пат на јавна понуда, согласно Одлуката за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност (корпоративна обврзница), донесена на Собранието на акционери одржано на ден 11.05.2016 година.

## 21. ДОКУМЕНТИ НА РАСПОЛАГАЊЕ

21.1. Изјава за достапност на документите

- Изјавуваме дека за време на важноста на овој Проспект, следните документи, односно копии од истите ќе бидат на увид:
  Прилог 1-Ревидирани финансиски извештаи со мислење на независен ревизор за 2015
  Прилог 2-Ревидирани финансиски извештаи со мислење на независен ревизор за 2014
  Прилог 3-Ревидирани финансиски извештаи со мислење на независен ревизор за 2013
  Прилог 4-Неревидиран финансиски извештај за 31.03.2016 година
  Прилог 5-Деловна политика, развоен и финансиски план за период 2016-2020 година
  Прилог 6-Деловна политика и финансиски план за 2016
  Прилог 7- Статут на Стопанска Банка АД –Битола
  Прилог 8-Основни финансиски карактеристики на корпоративната обврзница

21.2 Податок за местото каде што може да се изврши увид во документите.

- Увид во документацијата може да се изврши на интернет страната на Стопанска Банка а.д. Битола- www.stbbt.com.mk и во просториите на овластените правни лица-членки на Македонската Берза на хартии од вредност АД Скопје и Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, преку кои заинтересираните лица ќе можат да купат корпоративни обврзници.

- **Членови на Управен Одбор на Стопанска Банка АД -Битола**
  1. Владимир Ефтимоски - Претседател на Управен Одбор ____________
  2. Гордана Балтовска - Член на Управен Одбор ____________
  3. Наташа Несторовска - Член на Управен Одбор ____________
- **Членови на Надзорен Одбор на Стопанска Банка АД -Битола**
  1. Ненад Јосифовиќ - Претседател на Надзорен Одбор ____________
  2. Панче Нефтенов - заменик претседател- независен член на Надзорен Одбор ____________
  3. Дејан Панделески - член на Надзорен Одбор ____________
  4. Иванчо Вељановски - член на Надзорен Одбор ____________
  5. Кирил Митровски - член на Надзорен Одбор ____________
  6. Александра Радевска - член на Надзорен Одбор ____________
  7. Коста Костадиновски - Независен член на Надзорен Одбор ____________
- **Одговорно лице назначено од издавачот за содржината на Проспектот**

1. Гордана Балтовска - Член на Управен Одбор